УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

ПОСЛЕДИПЛОМСКИ - МАГИСТЕРСКИ СТУДИИ

ПО ПЕДАГОШКИ НАУКИ

# КВАЛИТЕТОТ НА ИНТЕРАКЦИЈАТА МЕЃУ СУБЈЕКТИТЕ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Ментор

Проф. д-р Лена Дамовска

Изработил

Милена Бошковска

СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ 2013 ГОДИНА



*„И најголемите луѓе засекогаш остануваат деца“*

***- Гете***

*„На децата не им недостига капацитет, туку воспитувачи“*

***- Џим Рон***

*„За да одгледаме позитивни деца, треба да бидеме позитивни родители“*

***- Зиг Зиглар***

**Апстракт**

Воспитанието е широк педагошки процес кој се однесува на формирањето на личноста. Основна цел на воспитувачот е да овозможи правилен развој на детето, да му создаде услови и поттик за развивање на способностите, навиките и особините на личноста преку кои ќе гради сознанија за себе, за другите луѓе и за светот кој го опкружува, а со цел да стане самостојна и одговорна личност. Темелот за ваквиот развој е поставен во семејството, додека со стручната педагошка работа во градинката тој се насочува и се развива.

Интеракцијата помеѓу воспитувачот и децата од предучилишна возраст започнува од самото раѓање и трае до шест години, додека детето не почне да оди во училиште, а ги опфаќа сите возрасни групи: јасли, мала, средна и голема група. Интеракцијата претставува организиран пристап насочен кон децата и кон соработката со родителите, со цел да се создаде безбедна и стимулативна средина за учење. Интеракцијата вклучува користење најразлични материјали кои го поттикнуваат учењето преку игра и истражување. Воспитанието и образованието се процеси во кои децата растат и се развиваат во склад со нивните интереси и потреби, во опкружување кое треба внимателно да се организира. Во текот на интеракцијата потребно е да се вклучат родителите и семејството во кое детето расте.

Најголема ефикасност во остварувањето на целите на воспитувањето може да се очекуваат кога влијанијата на градинката и семејството меѓусебно се дополнуваат.

Развивањето на интеракцијата кај деца се остварува подолг временски период, за време на реализација на различни активности. Улогата на воспитувачот не се состои во едноставно пренесување готови знаења, туку во помагањето на децата сами да го конструираат своето знаење.

**Клучни зборови:** интеракција, соработка, комуникација, воспитно - образовен процес, воспитувач, предучилишно дете, родител, градинка, семејство

**Abstract**

The education is a broad pedagogical process which focuses on defining the personality. The educators' main task is to provide proper development for the child, to create conditions and incentive for development of its abilities, habits and characteristics of its personality, through which it will build its views about itself, other people and the world so it will ultimately become independent and responsible person. The basis for such development is in the family, while it is guided and developed through professional pedagogy effort in the preschool facility (kindergarten).

The interaction between the educator and the preschool children lasts from birth to six years of age, i.e. until the children starts school, and it encompasses all age groups (i.e. nursery, young, middle, big group). The interaction is an organized approach directed towards the children and the cooperation with the parents, in order to create safe and stimulating learning environment. The interaction includes usage of various materials that encourage learning through play and exploration. The education is a process in which the children grow and develop according to their interests and needs, in a safe environment which needs to be carefully organized. The parents and the family, in which the child is living, need to be included in the interaction.

The greatest efficiency in achieving the goals of the education can be expected only when the influence from the kindergarten and family complement and help each other.

Developing interaction in children is a complex process and it is achieved in a longer period, during various activities. The educators role is not only conveying knowledge, but helping children construct their own knowledge.

**Keywords (tags):** interaction, cooperation, communication, educational process, educator, preschool child, parent, kindergarten, family

## СОДРЖИНА


**Вовед**........................................................................................ 7

**1. Теоретски пристап - интеракцијата како главен фактор во воспитно-образовниот процес**........................................................................ 9

1.1. Дефинирање на основните поими во истражувањето.......................... 11

1.2. Облици на интеракција меѓу субјектите во градинките......................... 12

1.2.1. Интерперсонална комуникација............................................ 15

1.2.2. Интеракција воспитувач – дете............................................. 18

1.2.3. Интеракција воспитувач – родител........................................ 26

1.2.4. Интеракција со други институции.......................................... 31

1.2.5. Интеракција родител – дете................................................. 33

1.2.6. Интеракција дете – дете...................................................... 37

1.3. Релевантни истражувања............................................................. 40

**2. Методологија на истражувањето**...................................................... 43

2.1. Предмет на истражувањето........................................................... 43

2.2. Цел на истражувањето................................................................. 43

2.3. Задачи на истражувањето............................................................. 43

2.4. Хипотези на истражувањето.......................................................... 44

2.5. Варијабли на истражувањето......................................................... 44

2.6. Методи на истражување на квалитетот на интеракција помеѓу субјектите во градинките........................................................................ 45

2.7. Техники на истражување на квалитетот на интеракција помеѓу субјектите во градинките........................................................................ 45

2.8. Инструменти на истражување на квалитетот на интеракција помеѓу субјектите во градинките........................................................................ 46

2.9. Популација и примерок................................................................. 47

**3. Анализа и интерпретација на податоците**........................................... 48

3.1. Анализа и интерпретација на резултатите од набљудуваната атмосфера во градинката............................................................................ 50

3.2. Анализа и интерпретација на резултатите од спроведената анкета со родителите ... 60

3.4. Анализа и интерпретација на резултатите од спроведената анкета за подготвеноста на воспитувачите за интеракција ... 70

3.3. Анализа и интерпретација на резултатите од спроведената анкета на воспитувачите ... 63

3.5. Придобивки од интеракцијата меѓу субјектите во воспитно-образовниот процес ... 80

**4. Заклучок**........................................................................................ 82
**5. Користена литература**........................................................................... 90
**6. Прилози**............................................................................................ 101

## ВОВЕД

Раното детство е важно за севкупниот развој на личноста. Теориите и истражувањата укажуваат на значењето на раното детство за интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој. Фактот дека секое дете има свои интелектуални и развојни потенцијали, бара негово поставување во партнерски однос со сите субјекти во воспитно - образовниот систем[1].

Современата градинка има задача да им обезбеди на децата поволна општествена и материјална средина со сите потребни услови за создавање најразлични осмислени активности кои се во склад со потенцијалните развојни способности на децата. Децата од предучилишна возраст преку играта, треба да се научат да комуницираат и да соработуваат со врсниците, со возрасните во градинката, но и надвор од неа. Градинката претставува средина во која детето се чувствува сигурно, прифатено, безбедно, каде што релативно самостојно ќе го истражува светот околу себе. Градинката е место каде детето стекнува позитивни искуства за животот преку комуникацијата со децата, со воспитувачите и со родителите.

Предучилишниот период е најбурен во развојот на детето и секоја развојна фаза има свои специфичности. Грижата и насочувањето на децата во овој период имаат големо значење, а токму воспитувачот е првата личност која воспоставува планирана и организирана работа со децата.

Успешното вклопување и брзата адаптација во градинката зависи од односот на воспитувачот и впечатокот што тој ќе го остави врз детето, додека односот со другарчињата се гради постепено преку играта, учењето, натпреварите и тоа е начин на кој детето правилно ќе напредува.

Покрај воспитниот кадар и врсниците, голема важност има и улогата на родителите. Здравата и позитивна интеракција меѓу субјектите во градинката овозможува здрав и позитивен психофизички развој на децата.

Децата учат како да се однесуваат со врсниците, кон возрасните, да избираат другарчиња, да стекнуваат позитивни секојдневни навики, се обликува карактерот итн.

---

[1] Службен весник на РМ, 2007, *Основи на програмата за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки*

Во интеракцијата со воспитувачите децата во градинката треба да се чувствуваат слободни и безбедни, да остваруваат и да негуваат социјални контакти. За да се постигне тоа, воспитувачот потребно е да го набљудува детето од моментот на неговото доаѓање во градинката, да го следи што работи, да го поттикнува на активности, на размислување, да води сметка за неговите потреби и склоности, да се занимава со идеите на децата, да ги прифаќа индивидуалните желби за да може навремено да ги открие способностите кои ги поседува детето и да му понуди простор за понатамошен развој.

Развивањето на интеракцијата кај децата претставува сложен процес кој се остварува подолг временски период, преку реализација на различни активности, на начин и квалитет условени од различни фактори кои би можеле да влијаат.



# 1. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП - ИНТЕРАКЦИЈАТА КАКО ГЛАВЕН ФАКТОР ВО ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

Воспитувачот е тој кој поседува знаење, кое го обликува и на одреден начин им го пренесува на децата. Пренесувањето на знаењата не треба да биде чисто формално. Задачата на секој воспитувач е да ја постигне поставената цел и да вгради одредено знаење кај децата, а при тоа, односот помеѓу нив да не биде еднностран. Но, ако целта на воспитувачот е само чисто и сурово пренесување на ваквото воспитно градиво, одредено според воспитниот план и програма, тогаш тој се доведува во ситуација да не ја постигне целосно поставената цел. Тоа значи детето навидум ја следи активноста, а вниманието и интересот за работа е сведен на минимум. Во овој случај нема знаење, а уште помалку желба или интерес за стекнување нови знаења.

Затоа, воспитувачот треба да постави една поширока цел и да го насочи детето преку работата и трудот да научи како самостојно да ја постигне целта. Интерактивната релацијата воспитувач – дете го насочува воспитувачот прво да создаде слободна атмосфера во која детето ќе се чувствува релаксирано и преку таквото позитивно чувство ќе ги прифати ставовите кои му се пренесуваат.

Тука се надоврзува потребата да се мотивираат децата и да се заинтересираат за нови знаења. На мотивацијата може да се влијае на различни начини, преку организирање квалитетни активности, вреднување, постојано активирање за извршување на одредени задачи итн. Воспитувачот треба да им објасни на децата зошто им е потребно одредено знаење, а не формално да ги научи децата по секоја цена. Детето со радост ќе го учи она што му е занимливо и интересно и воопшто нема да го постави прашањето каде и зошто ќе му биде потребно таквото знаење.

Воспитувачот треба да ги презентира знаењата на интересен и динамичен начин, со примена на повеќе фронтален модел или примена на групна, индивидуална форма на активности со користење различни воспитни помагала (слики, касетофони, видео). Воспитувачот треба повеќе пати да ја

повторува новата материја и секогаш да одговара на прашањата на децата, затоа што само така ќе ги мотивира што повеќе да прашуваат.

Ваквата релација покажува дека владее двостран однос кој придонесува децата да научат да размислуваат и слободно да го искажуваат своето мислење, да соработуваат и да се учат на толеранција, да користат различни вештини на комуницирање итн. Воспитувачот ја постигнал својата цел кога учениците ќе сфатат дека квалитетот на нивното учење и знаење зависи од самите нив.

Но, тука акцентот го има и наградата која треба да ја примени воспитувачот, како средство за мотивирање да се научи новата материја. Секој сака да биде награден за својот труд, па макар неговиот труд и да не е онаков каков што од него се очекува да биде. Оттука, пофалбата како вид награда претставува битен инструмент за мотивација за учење. Волјата, интересот и мотивацијата кај детето кои се услов за постигнување на целта, можат лесно да се изгубат доколку воспитувачот несоодветно го награди или не го пофали детето. Тоа има потреба да знае дека воспитувачот ја следи неговата работа и дека неговите успеси го радуваат. Тогаш и детето повеќе ќе го цени својот воспитувач и повеќе ќе се труди во својата работа.

Воспитувачот треба да применува различни форми на работа, да овозможи повисок степен на автономија кај децата и активностите да ги прилагодува според нивото и способностите на детето[2].

Воспитувачот треба од својата висока положба да се повлече во позадина и да овозможи во најголем степен, да дојде до израз самостојноста на детето[3]. Тој и понатаму е централната личност, меѓутоа здружувајќи ја неговата работа со децата и делејќи го со нив новото градиво, врши внатрешни и позитивни воспитни влијанија кај децата. На тој начин, се руши оградата меѓу воспитувачот и децата, се отфрла традиционалниот фронт меѓу нив и се воспоставува меѓусебен пријателски однос. На децата им се дава шанса да се покажат во своето најдобро светло, без страв и

---

[2] Ширли, М., Петроска-Бешка, В., Кадриу, З., "и др." (2007), *Училиште по мерка на детето,* Скопје: УНИЦЕФ

[3] Burke-Walsh, K., Киранџиска, С., Лазаревски-Ѓорѓиева, Т. (2009), *Создавање средина на учење за 21-от век,* УНИЦЕФ Скопје: Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"

присилување да им се даде поголема мотивација за учење, наученото да се запомни, а со тоа е постигната и целта на воспитувачот[4].

***Квалитетот на воспитниот процес зависи од*** интеракциите меѓу субјектите за време на насочените и слободните активности. Во современата воспитна практика детето се третира како субјект и партнер кој слободно може да ги искаже своите барања и потреби, а од друга страна и воспитувачот исто така, се наоѓа во позиција на дете и ученик кој постојано ги открива и ги разработува квалитетните аспекти на воспитно - образовниот процес.

Квалитетот на извршената задача или активност зависи од квалитетот на интеракциско - комуникациската клима во групата. Ваквата клима подразбира меѓусебно почитување на потребите на сите субјекти во воспитно - образовниот процес. Оттука, интеракциско - комуникацискиот аспект на воспитно - образовниот процес не подразбира само квалитетна комуникација во групата, туку претпочита воспоставување на интеракциски односи на воспитувачот и со општествената средина и со родителите на децата[5]. Успешната интеракциска комуникација ќе му обезбеди на воспитувачот увид во евентуалните проблеми на учениците, неговата комуникација со семејството, а со тоа и увид во расположливите мерки за евентуална воспитно - корективна интервенција. Оттука, примената на интеракциско - комуникацискиот аспект во воспитната програма претпоставува примена на интерперсоналната или попозната како, лице в лице комуникација[6].

## 1.1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

Преку следењето на реализацијата на различни насочени и слободни активности се добива општа слика за квалитетот на интеракцијата помеѓу ***воспитувачот и децата*** од предучилишна возраст. Се овозможува

[4] Bertrand, J. (2007), *Centre of Excellence for Early Childhood Development,* Toronto: Encyclopedia on Early Childhood Development

[5] Котева, Т. (1996), Детето-рамноправен партнер и субјект во воспитанието и образованието, Битола: Гоцмар

[6] Котева-Мојсовска, Т. (2009), *Педагошка комуникација,* Скопје: Авторизирана интерна скрипта од предавања

полесно да се истражи квалитетот на интеракција ***помеѓу децата*** во групата или пак, помеѓу деца од различни групи, но и да се согледа степенот на ***вклученост на родителите*** во интеракцијата со децата и со воспитувачот, како и со другите субјекти во градинката.

Интеракцијата претставува еден вид акција меѓу два или повеќе субјекти кои предизвикуваат одреден ефект еден на друг. Најчесто има двонасочен ефект и подразбира комуникација помеѓу две лица, помеѓу групи, организации итн. Поимот интеракција се поврзува со повратна информација, интерференција, убедување, меѓусебна реакција и сл.

## 1.2. ОБЛИЦИ НА ИНТЕРАКЦИЈА МЕЃУ СУБЈЕКТИТЕ ВО ГРАДИНКИТЕ

Добрата соработка меѓу детските градинки и семејството поаѓа од гледиштето дека семејството има клучна улога во животот на детето. Запознавањето со основните карактеристики на семејството (социјалните, културните, економските, образовниот статус и сл.) придонесува да се оствари квалитетна интеракција и соработка[7].

Иако, педагошката практика во основа поголемо внимание посветува на целите, задачите, процесот на планирање и слично, а се запоставува интеракциско - комуникацискиот аспект во воспитната практика, сепак, квалитетот на воспитно - образовниот процес зависи од интеракциите помеѓу субјектите во групата. Интеракцијата всушност претставува меѓусебно почитување на воспитувачот и детето, каде што за време на насочените и слободните активности се потенцира интеракциско -комуникацискиот аспект на воспитно - образовниот процес.[8] Во ваквите активности детето се третира како субјект и партнер кој слободно може да ги искаже своите барања и потреби. На тој начин се постигнува квалитетна клима во групата, а на децата им се овозможува да развиваат сопствен систем на учење, да учат активно преку играта, комуникацијата и интеракцијата со другите субјекти кои го опкружуваат.

---

[7] Suzic, N. (1999), *Interaktivno ucenje*, Banja Luka: Ministarstvo prosvjete

[8] Naučni skup sa međunarodnim učešćem, (2006), *Saradnja škole i porodice - pedagoška istraživanja i školska praksa,* Ministarstva prosvete i sporta Republike Srbije, Beograd: Studentski kulturni centar

Децата во градинката треба да се чувствуваат слободни и безбедни, да остваруваат и да негуваат социјални контакти[9]. Воспитувачот треба да го набљудува детето од моментот на неговото доаѓање во градинката, да го следи што работи, да го поттикнува да размислува и да изведува различни активности, да се занимава со идеите на децата, да ги прифаќа индивидуалните желби за да може навремено да ги открие и да ги развива способностите и потенцијалите кои ги поседува детето.

Воспитувачот треба да им обезбеди на децата богати, разновидни и повеќе пати повторувани искуства, да организира набљудување на појави и предмети и на тој начин да ги доведе децата во допир со истите, да ги насочи кон она што е битно, поттикнувајќи ги да го опишуваат тоа што го гледаат, да размислуваат и да донесуваат заклучоци.

Ако се задржиме на интеракцијата меѓу субјектите во детските градинки и се насочиме кон планираните активности во различни програмски подрачја, ќе забележиме дека воспитувачот им објаснува на предучилишните деца, црта, демонстрира или на некој друг начин посредува во воспитните влијанија, а тоа значи организирано ги воспитува. На тој начин квалитетот на меѓусебната интеракција влијае позитивно врз развојот на децата, врз нивната способност да слушаат, да размислуваат, да зборуваат, да го разбираат мајчиниот јазик, да се изразуваат граматички правилно, јасно и чисто, да користат целосни реченици, да развиваат комуникациски вештини, да развиваат интерес и љубопитност кон книгата, читањето и сл.

Квалитетот на интеракцијата е поврзан со севкупниот развој на детето, а посебно за развој на личноста и социјализацијата. Преку интеракцијата со воспитувачот и другарчињата, детето развива интелектуални вештини. Квалитетот на интеракцијата најинтензивно се развива во предучилишниот период преку секојдневната интеракција и комуникација помеѓу децата и воспитувачот, како и помеѓу самите деца, а се усовршува цел живот[10].

За жал, квалитетот на социјалната интеракција денеска, сè повеќе е сведена на еден потесен круг на семејна комуникација и раздвоени контакти

---

[9] Juul, J. (1995), *Vase kompetentno dijete,* Zagreb: EDUCA

[10] Hansen, K., Kaufmann, R., Burke-Walsh, K. Kreiranje vaspitno-obrazovnog procesa u kome dete ima centralnu ulogu – uzrast od 3 do 6 godina

во семејството. Градинката во овој дел се јавува како незаменлив надомест, но нејзиното делување, сепак не е доволно ниту, пак, претставува потполна замена за слободната врсничка интеракција меѓу децата. Во семејството денес владеат нови односи, така што благодарение на телевизијата, компјутерите и интернетот, сè повеќе се осиромашува внатрешната интеракција, како и комуникацијата помеѓу родителите и децата. Затоа, предучилишните установи треба да посветат поголемо внимание на овој проблем, но факт е дека ниту семејната интеракција не може да се надомести со врсничката и обратно.

Единствено балансираниот однос помеѓу семејната, врсничката и воспитната интеракција може да ја даде потребната основа за здрав и квалитетен развој на детето[11]. Тоа подразбира заемна интеракција на домот и градинката во воспитно - образовниот процес, интеракција помеѓу воспитувачот и децата, како и интеракција помеѓу самите деца.

Со предучилишното воспитание и образование децата ги збогатуваат искуствата и систематски се подготвуваат за успешен старт во основното училиште. Покрај примарната социјализација, во детската градинка на предучилишните деца им се обезбедуваат услови за развој на нивните севкупни потенцијали, како и за стекнување основни сознанија за светот што ги опкружува.

Со предучилишното воспитание се опфаќаат деца од 8-месечна возраст до 6-годишна возраст, т.е. до вклучување во прво одделение на основното образование. Тоа е период кога започнува интеракцијата меѓу децата, родителите и воспитувачите.

Во работата со децата се тргнува од хуманистичката природа на детето. Детето во себе носи позитивни развојни потенцијали, подготвено за сопствениот развој, социјализација и воспитување, бидејќи во основа е активно, креативно, интерактивно, физичко, сознајно, социјално и афективно суштество[12].

---

[11] Comprehensive Curriculum & Assessment Approval List, (2004), *Early education approved comprehensive curricula and assessment children ages 3-5,* West Virginia

[12] Kamenov, E. (1999), *Predškolska pedagogija* I i II, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd

Воспитување преку интеракција значи воведување на младите во светот на возрасните преку една педагошки обликувана комуникација со луѓето. Во овој контекст, германскиот педагог Фридрих Пулзен кажува дека децата ги усвојуваат сите културни текови од своите родители каде што родителите најчесто се активни, додека децата се пасивни учесници во таквиот однос. Педагогот Хербарт, пак, го одредува воспитанието како систематско влијание на постарите врз помладите со одредена цел и план. Тој верувал дека секое дете се раѓа со единствен потенцијал и индивидуалност, но дека тој потенцијал останува неисполнет сè додека не се анализира и трансформира со едукацијата во склад со она што тој го сметал како акумулирани вредности на цивилизацијата[13].

### 1.2.1. ИНТЕРПЕРСОНАЛНА КОМУНИКАЦИЈА

Интеракцијата подразбира комуникација и размена на сигналите (зборови, гестикулации и сл.) помеѓу луѓето кои ѝ припаѓаат на една група.

Интеракцијата е важна во предучилишната подготовка на децата за учење. Методите на интерактивното учење се оние во кои доминира учењето за социјална интеракција. Такви методи се: тимската работа, мозаик-методата, учиме заедно, групна метода – конципирање на мапи, колаборативно учење и други методи кои поддржуваат коедукација и социјална интеракција во процесот на учење. Ако за време на една воспитна активност преовладуваат интерактивни методи, тогаш таа активност е базирана на интерактивно учење. Но, ако методите на интерактивно учење за време на активностите се применуваат повремено, тогаш таквата активност попрво ќе се нарече традиционална поради доминантниот начин на работа и примената на методите[14].

Оттука, интерактивната активност е онаа во која доминантно се применуваат методи на интерактивното учење. Секоја интеракција има содржина и подразбира одговор на прашањата што прават децата заедно,

[13] Тимовски, В. (1998), *Диркемовото сфаќање за образованието и воспитанието,* Скопје: Годишен зборник бр.1, 1998

[14]Brookfield, S. (2005), *Discussion as a Way of Teaching: Tools and Techniques for Democratic Classrooms, 2nd Edition,* Abingdon: Routledge (http://www.ascd.org/memberships.aspx)

што зборуваат, за што се интересираат, во што се сложуваат, а во што не итн. Во интеракцијата децата ги разменуваат своите мисли, уверувања и знаења, го ангажираат своето сознавање без оглед дали се сложуваат со туѓото мислење или ги оспоруваат ставовите на другите. Интеракцијата ги поддржува целите на секое дете во активностите, меѓутоа, сепак, може да биде насочена кон остварување на заедничките цели на учесниците во воспитно - образовниот процес.

Реализацијата на воспитно - образовната работа во градинката се одвива преку *различни интерактивни активности во различни воспитно - образовни подрачја.* Тоа значи континуирано преку целата година се работи на стекнување поими, знаења, способности кај децата од сите возрасти, интеракција за време на насочените и слободните активности каде децата имаат можност да стекнат елементарни навики кои понатаму ќе им користат во животот. Континуирано преку целата година се организираат соодветни активности во зависност од возраста на детето и секојдневно се користат детските искуства, набљудувања од непосредната околина како основен извор на нови информации. Децата се поставени во улоги на истражувачи на проблемски ситуации каде добиваат одговор на многу нејасни прашања од светот што ги опкружува[15].

Интеракцијата помеѓу воспитувачот и децата, започнува со меѓусебната ***интерперсонална комуникација,*** *односно интерактивната комуникација.* Интерактивната комуникација се развива лице в лице во различни помали системи како што се семејството, градинката, училиштето или некои други социјални групи и токму поради тоа е најпогодна во реализацијата на современиот воспитно - образовен процес[16].

Оттука, интерперсоналната (интерактивна) комуникација придонесува за развој на квалитетот на воспитниот процес и за развој на карактеристиките на личноста на детето. Соодветно и правилно спроведена интерперсонална комуникација ја поттикнува самодовербата на детето, ја зголемува неговата социјабилност и контактивност, го богати неговото

---

[15] (2009/2010), *Годишна програма на работа на ЈДГОА „Срничка“,* Скопје: Општина Аеродром

[16] Татјана Котева-Мојсовска, (2009), *Педагошка комуникација,* Скопје – авторизирана интерна скрипта од предавања

искуство. Може да се каже дека интерактивната комуникација по однос на своите педагошки вредности содржи ***неколку аспекти***[17] и тоа:

- *социјален,* што значи комуникацијата му овозможува на детето подобро да комуницира, да умее подобро да го разбере соговорникот, да се соживее со него и да ја доживува неговата комуникација;
- *когнитивно - интелектуален*, преку комуникацијата децата стекнуваат нови претстави и поими, се јакне перцепцијата и се усовршуваат процесите на мислењето;
- *емотивниот аспект* се однесува на оној дел од комуникацијата во кој соговорникот ги доживува, ги разбира и ги развива информациите кои ги разменува во комуникацијата;
- *естетскиот аспект* се однесува на искажување и на прифаќање естетски правилно обликувани елементи на говорот;
- *етичкиот аспект* подразбира усвојување на определени норми и правила од страна на детето кои се однесуваат на неговото комуницирање, како на пример, да не се прекинува, да се почитува и да не се потценува соговорникот, активно да се слуша и слично.

Комуникацијата претставува размена на пораки, која се реализира по пат на интеракција меѓу две или повеќе лица кои комуницираат. Комуникацијата е обострана и во голема мера зависи од придружните невербални елементи, односно гестови, мимики и тонот со кој е искажана пораката, што значи вклучува употреба на симболи.

*Интерперсоналната комуникација* е тип на комуникација која бара подеднаква вклученост на сите учесници во комуникацијата. Токму поради тоа, таа е најпогодна во реализацијата на современиот воспитно - образовен процес[18].

[17] Мојсовска, Т. К. (2009), *Методика на воспитна работа,* авторизирана интерна скрипта од предавања

[18] Котева-Мојсовска, Т. (2006), Семејното воспитание и социјалното однесување на децата, Скопје: Академски печат

*Интеракциско - комуникацискиот* аспект на активностите му помага на детето да развива сопствен ритам и систем на учење, односно да учи како да учи и да учи активно низ комуникација и интеракција.

**Интеракцијата се одвива во неколку насоки и тоа[19]:**

- *Според комуникацијата* за време на активностите може да биде помеѓу **воспитувачот и детето, детето и воспитувачот, дете и дете, воспитувач и воспитувач.**
- ***Според потребата од отворен воспитно - образовен систем, каде како учесници се јавуваат родителите,*** интеракцијата може да се одвива помеѓу воспитувачот и родителот, родител и родител, родител и дете и сл.
- ***Интеракцијата зависи од*** бројот на учесниците, насоката на пораката, меѓусебните односи на децата, начинот на кој се комуницира и сл.

### 1.2.2. ИНТЕРАКЦИЈА ВОСПИТУВАЧ - ДЕТЕ

Со цел да се создаде амбиент и поволна работна атмосфера за учесниците во воспитно - образовниот процес (деца, родители, воспитувачи) потребно е да се овозможи меѓусебно добро запознавање меѓу субјектите, почитување на одредени правила на однесување, почитување на меѓусебните потреби и интереси, посветување внимание на родителите и сл. Тоа ќе се постигне преку планирање и остварување најразлични контакти, комуникации, средби, работилници итн.

Улогата на воспитувачот не се состои само во пренесување готови знаења и давање готови одговори на прашањата, туку и во помагањето на децата сами да го конструираат своето знаење. Воспитувачот треба да создава когнитивно - конфликтни ситуации кои се поттик за интелектуалните активности. Мотивот како основа за секоја активност, значи желба за работа и за сознавање нови нешта. Во праксата тоа значи дека детето може да извршува некоја задача или активност не затоа што очекува награда, туку затоа што самата таа активност делува како награда. Со други зборови извршувањето на задачата му претставува задоволство.

---

[19] Мојсовска, Т. К. (2009), *Методика на воспитна работа,* авторизирана интерна скрипта од предавања

Развивањето на мотивацијата кај децата е составен дел на интеракцијата. Воспитувачот треба да ги навикнува децата сами да поставуваат цели и да планираат активности преку кои тие цели ќе ги остварат. Воспитувачот треба да поставува и барања според возрасните карактеристики и можности на децата, да развива самостојност и да ги поттикнува децата на активно учење, за натпреварување со врсниците во групата итн.

Запознавањето на децата со околината му овозможува на воспитувачот поголеми можности за организирање најразлични активности преку кои се влијае на мотивацијата кај децата. Општествената средина упатува на постојана интеракција со физичката и социјалната околина. Децата се во постојана интеракција со природната средина, со животните, растенијата и покажуваат голем интерес за појавите кои се случуваат околу нив. Преку истражувачките активности и експерименталните методи доаѓа до израз детската активност и самостојност, така што она што потоа ќе го направат со помош на воспитувачот, најдобро ќе го разберат. Значењето на активниот пристап во откривањето на светот околу себе, најдобро го илустрира старата кинеска поговорка која гласи: „Тоа што ќе го чујам, ќе го заборавам. Тоа што ќе го видам, ќе го запомнам. Тоа што ќе го направам, ќе го разберам.“ [20]

Преку истражувачките активности и експерименталните методи најмногу до израз доаѓа интеракцијата меѓу воспитувачот и децата, како и интеракцијата меѓу самите деца. Само преку заедничка активна работа и добро организирана соработка, можат да се реализираат поставените цели и задачи. Воспитувачот треба да им обезбеди на децата богати, разновидни и повторливи искуства, да овозможи набљудување на појавите, да ги доведе во допир со предметите и нивните физички својства, да го одреди текот на набљудувањата, како и да ги насочи децата кон она што е значајно, да го опипуваат и да го разјаснуваат она што ќе го видат затоа што на тој начин ќе извлечат правилни заклучоци. На детето треба да му се даде можност за

[20] Hansen, K., Kaufmann, R., Burke-Walsh, K. Kreiranje vaspitno-obrazovnog procesa u kome dete ima centralnu ulogu – uzrast od 3 do 6 godina

рационално однесување и донесување заклучоци за различни особини, појави и законитости.[21]

Воспитувачот треба да игра партнерска улога во комуникациските и игровните активности со децата. Тоа значи дека не треба да ги прекинува децата во разговорот, да не ги понижува, да им поставува разбирливи прашања, да го преформулира прашањето доколку е потребно, да ги поттикнува децата правилно и културно да се изразуваат, накратко, да остварува што поуспешна комуникација со нив.

Интеракцијата меѓу децата и воспитувачот напредува ако детето почне само да комуницира, поточно ако му се обрати на воспитувачот (пример: „дојди да видиш"). Исто така, воспитувачот треба да иницира спонтана соработка меѓу децата, меѓутоа овие постапки се спроведуваат во најприродни ситуации во рамки на групата кога детето игра или изведува некоја друга активност која вклучува интеракција од страна на возрасните. Детето треба внимателно да се слуша, да не се прекинува, да не се бара од него да зборува побрзо или позабавено, да му се допушти да ги изрази своите емоции и да ја осети поддршката и разбирањето на воспитувачот. Севкупната работа со предучилишните деца пред сè, треба да се заснова на игра, а креативен е оној воспитувач кој разбира дека децата се возбудуваат од активностите што ги работат без оглед на моменталниот резултат.

Во воспитувањето особено е значајно управувањето со занималната од страна на воспитувачот, кое може да биде адекватно и неадекватно. *Адекватното управување подразбира* кога воспитувачот настојува да го олесни развојот на децата и социјалните вештини, како и способностите за самоконтрола и управување на сопственото однесување. Тоа значи, користење различни техники на позитивно поттикнување како што се охрабрување на посакуваните или очекуваните реакции и однесувања на децата, дефинирање на последиците за неодговорното и непримерното однесување и сл. Воспитувачот треба да биде трпелив и да има предвид

[21] Мр Родиќ, Н., Мр. Зориќ, Ј., „Мотивација деце предшколског узраста за интеракцију са природном и друштвеном средином", Стручни чланак, Висока школа за образовање васпитача, Суботица, (2006)

дека за секое помало кршење на правилата од страна на децата, не треба веднаш да следи казнена реакција.

*Неадекватно управување постои* кога воспитувачот одвојува повеќе време за казнување на неприфатливото однесување кај децата, кога ги навредува децата казнувајќи ги да седат во ќош или сами на маса и сл.

Воспитувачот не поставува јасни граници и не смета дека децата се подготвени за почитување на стандардите за правилно однесување. Опкружувањето е хаотично и воспитувачот не им помага на децата да ги научат важните правила за однесување во групата и одговорностите кои треба да ги почитуваат.[22]

Позитивната врска воспитувач – дете насочува кон повисоки социјални способности кај предучилишните деца. Истражувачите заклучиле дека воспитувачите кои овозможуваат позитивна комуникација, топла љубов и можности децата да бидат главни, најчесто во групата имале деца со повисоки нивоа на социјални способности како што се завршување на работата, толерирање на фрустрацијата и интеракција со другарчињата, повисоко ниво на одговорност, соработка, самоконтрола, полесно прифаќање на поаѓањето во прво одделение итн. Исто така, сметаат дека блиските односи меѓу воспитувачот и децата во градинките даваат пониски симптоми на анксиозност, депресија и социјална повлеченост во прво одделение.

Раните години на детето од раѓање до шестата година од животот, претставуваат клучен степен од развојот каде што односите возрасен – дете можат да имаат значително влијание врз новите социјални способности, однесувањето и подготвеноста. Најважно е дека детето учи подобро кога се чувствува емотивно безбедно и кога има поблиски односи со возрасните, вклучувајќи ги и воспитувачите.

Меѓутоа, за да се подобри интеракцијата и да се поттикне развојот на позитивните односи, и раководниот и воспитниот кадар во градинките треба

[22]Educating Children for Democracy, The Journal of International, Step by Step Association, No 5, 2003. My Classroom Is So Noisy! Classroom Managment in the Step by Step

да создадат топла атмосфера и пријатна околина која го поттикнува развојот на доверливи односи. Тоа значи, да сфатат дека довербата е темел за позитивни интеракции и развој на меѓусебните односи, да основаат работна средина која рефлектира почит за воспитувачите и децата. Учесниците во воспитно - образовниот процес треба да моделираат комуникација која е директна и со почит кон родителите, воспитувачите и децата, да го промовираат разбирањето дека социјалната компетенција е културно одредена, да идентификуваат стратегии кои се прилагодуваат и кои ги поддржуваат културните и јазичните позадини на персоналот, семејствата и децата[23].

Интеракцијата меѓу возрасните и децата, како и меѓу самите деца е клучна за промовирање на концептот на постојано учење. Таа влијае и на нивниот социјален, емотивен и когнитивен развој и ги поттикнува децата да развиваат и разменуваат знаења, искуства, чувства и ставови. Токму преку интеракциите децата развиваат свест за самите себе, сфаќаат дека се дел од одредена заедница и го спознаваат светот околу себе[24].

Улогата на воспитувачот е да им овозможи на децата да учествуваат во процеси низ кои ќе изградат и ќе откријат нови значења. Воспитувачот треба грижливо да го следи учењето и развојот на децата и на тој начин да им даде пример за добра интеракција со возрасните кои се вклучени во нивниот живот, интеракција која се базира на почитување и поддршка.

***За да се воспостави квалитетна интеракција во групата, воспитувачот треба постојано да остварува пријателска интеракција со децата и да се однесува кон нив со почит, а со тоа придонесува за развој на претставата за себе си - посебно кај секое дете, како и за подобрување на учењето.***

---

[23] Snunit, G., Aleksandrowicz, M. (2004), *The Parent as Participant in the Child's Educational Program,* The Journal of International Step by Step Association

[24] Адамчевска, С. (1996), *Активна настава,* Скопје: Легис

**Позитивната интеракција ги содржи следните карактеристики[25]:**

- Интеракциите на воспитувачите се срдечни и полни со грижливост со што се изразува почитта кон децата и уживањето во работата со нив;
- Интеракциите на воспитувачите и нивните очекувања од децата се во согласност со развојот и учењето на децата;
- Воспитувачот во текот на денот често стапува во одделна интеракција со секое дете, помагајќи му да стане посигурно и го стимулира неговото учење и развој;
- Интеракциите на воспитувачите се во согласност со емотивните, социјалните, физичките и когнитивните потреби и способности на детето;
- Воспитувачот им дава на децата можност да направат избор кој ќе биде согледан и почитуван од другите;
- Интеракциите на воспитувачот ја поттикнуваат иницијативноста, автономноста, самостојноста и потребата за лидерство на децата.

***Интеракциите на воспитувачот придонесуваат за развој на заедницата за учење во која секое дете има чувство дека ѝ припаѓа и дека има потполна поддршка да ги оствари сите свои потенцијали.***

*Воспитувачот остварува осмислена и двонасочна интеракција и со возрасните за да го овозможи развојот и учењето на децата.* Имено, во релациите со семејствата, другите колеги, стручни лица од градинката, како и со членовите на заедницата, учителот се залага за социјална интеракција која се базира на почит и соработка[26].

За да можат децата да учат и да се развиваат потребна е цврста соработка помеѓу воспитувачите, семејствата, но и другите членови на заедницата. Кога воспитувачот ќе ја разбере важноста на учењето дома, на семејството како првобитен образовен и социјален фактор кај детето, тогаш ќе може да гради мостови помеѓу градинката, семејството и заедницата и на тој начин да остварува двонасочна комуникација.

---

[25] Педагошки стандарди Компетентни учители 21 век - Дефиниција за квалитетна педагошка пракса, ФОКИМ „Чекор по чекор“: Учиме и растеме заедно

[26] (2009/2010), Програма за работа на ЈУДГ „Буба Мара“, Скопје: Општина Аеродром

За да се овозможи успешно учење и развој на децата треба да бидат земени предвид различните услови во семејството и заедницата од која тие доаѓаат. Воспитувачот ги почитува интересите, обврските и одговорностите на сите кои се вклучени во образованието и формирањето на иднината на децата и доколку оствари успешна комуникација и интеракција меѓу семејствата, училиштето и заедницата, ќе придонесе за создавање поцврсто и посигурно општество[27].

***Како дел од секојдневната интеракција со децата, воспитувачот остварува партнерство со семејствата и создава различни можности за семејствата да учествуваат во учењето и развојот на своите деца.***

Тоа подразбира членовите на семејствата да се поканувaат во градинката да учествуваат во воспитно - образовниот процес и во животот на децата. Воспитувачот ги вклучува родителите во заедничкото донесување одлуки во врска со учењето, развојот на децата и социјалниот живот во градинката.

Во комуникацијата со детето, воспитувачот треба да го прифати детето онакво какво што е бидејќи чувството на прифатеност му овозможува на детето да ги сподели проблемите и потребите, а со тоа се олеснува комуникацијата. Заканите, наредбите и навредите прават детето да се чувствува безначајно, лошо и несакано. Исто така, треба да се одбегнува генерализација на личноста на детето од причина што сите не се исти[28].

Отвореноста во комуникацијата е главен фактор за квалитетна интеракција. Воспитувачот мора да најде одговор на детското прашање. Ако го оставиме детето без никаков одговор ќе направиме да се чувствува безвредно. Молчењето е најлошиот и најдеградирачки вид на комуникација. Во секоја ситуација потребно е објаснување кое го респектира мислењето на детето, но и тоа дека ветеното мора да биде остварено[29]. Потребно е да се

---

[27] Cindrić, M., Domović, P., Matijević, M. (2008), *Collected Papers of 2nd Scientifi c research symposium: Pedagogy and the Knowledge Society, Volume 1 and 2,* Croatia: Zadar

[28] Mashburn, J. A., Pianta, C. P., *Opportunity in Early Education: Improving Teacher-Child Interactions and Child Outcomes,* University of Virginia: Center for Advanced Study of Teaching and Learning

[29] Burke-Walsh, K., Киранџиска, С., Лазаревски-Ѓорѓиева, Т. (2009), *Создавање средина на учење за 21-от век,* УНИЦЕФ Скопје: Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"

користат изрази за укажување на грешката, да се одбегнува формата за негација, накратко да се разговара со децата како со пријатели. Постојаното укажување на грешките пак, ја руши детската самодоверба и создава чувство на немоќ и незнаење кај децата. Детето треба да се третира како личност која е на исто рамниште со нас и да го почитуваме.[30]

Интеракцијата со децата треба да е едноставна. Едноставноста во поставувањето на барањата со кратки и јасни реченици не ги збунува и ги прави децата посигурни во разбирањето на барањата. Кратките и јасни реченици одговараат на моќта на детската возраст да запомни што се бара од него, додека двосмислените реченици го збунуваат и тогаш детето може да помисли дека е виновно што не ја разбрало поставената задача[31].

Исто така, во интеракцијата со децата потребно е воспитувачот да користи културни фрази и изрази, бидејќи децата учат од примерот на возрасните, а воспитувачот е најдобар модел во комуникацијата со децата.

Исто така, воспитувачот треба да зборува ***СО,*** а не ***НА*** децата. Овој модел на комуникација опфаќа одбегнување реченици што личат на наредба. Интеракцијата која го вклучува ***СО*** моделот им овозможува повратна информација на децата, успешен разговор, како и услови за искажување на сопственото мислење[32].

Зборувањето со детето му овозможува да се чувствува како субјект и рамноправен соговорник. Двонасочната комуникација му овозможува на детето да го искаже своето мислење, а од друга страна го прави значајно и посигурно неговото его. Тој станува и активен слушател на соговорникот. Исклучително важно е да се обезбедат услови детето да разбере дека воспитувачот го слуша со внимание, а за таа цел пак, потребно е воспитувачот да даде повратна информација од кој било вид. Внимателното

[30] Николовски, Ј. А. (1974), *Методика на воспитно образовна работа по култура на говорот со предучилишните деца*, Скопје: Наша книга

[31] Чекор по чекор www.stepbystep.org.mk

[32] Татјана Котева-Мојсовска, Педагошка комуникологија, интерна скрипта од предавања, 2009 Скопје

слушање е пример за детето како треба да постапува кога некој друг зборува[33].

За да има ефекти во интеракцијата на релација воспитувач - дете, воспитувачот треба да исполни неколку услови и тоа[34]:

- да обезбеди интерес кај децата за примање на пораката
- правилно да ја обликува пратената порака и да ја направи достапна на возраста на децата
- да провери дали и до кој степен пораката е прифатена од страна на децата
- да обезбеди слободна комуникација која ќе ги почитува детските интереси
- да предизвика дебатни дискусии за време на активностите и сл.

### 1.2.3. ИНТЕРАКЦИЈА ВОСПИТУВАЧ – РОДИТЕЛ

Првиот чекор во планирањето на соработката меѓу воспитувачот и родителот претставува запознавање со можностите и очекувањата на семејството.

Основните принципи на соработката со семејството се базираат на негување партнерски однос, почитување на личноста и улогата на родителите, нивно вклучување во различни активности, уважување на нивните идеи, почитување на приватноста на семејството итн.

**Соработката помеѓу семејството и градинката** е еден од основните услови за правилно воспитување на детето. Најчести облици на соработка со семејството како дел од секојдневните интеракциски односи се[35]:

- ***непосредна комуникација*** која вклучува посета на градинките, меѓусебен или индивидуален разговор за време на донесувањето и земањето на детето од градинка
- ***пишана комуникација*** која се остварува преку подготовка на паноа, катчиња за родителите, давање пораки, брошури и сл.

---

[33] Педагошки стандарди, Компетентни учители 21 век: Чекор по чекор: Учиме и растеме заедно, Фондацијата за културни и образовни иницијативи „Чекор по чекор“

[34] Татјана Котева-Мојсовска, Педагошка комуникологија, интерна скрипта од предавања, 2009 Скопје

[35] www.stepbystep.org.mk

- ***учество на родителите во работата на децата*** која се реализира во договор со воспитувачот. Родителот може да се вклучи како реализатор на некои активности, или како соработник на воспитувачот во реализацијата на активностите, или пак, да пружи поддршка на детето во процесот на адаптација, да учествува во организацијата на различни манифестации и настани. За таа цел, може да се организира *отворен ден* за родителите со однапред изготвена програма за работа. Исто така, може да се организираат ***креативни работилници*** каде родителите активно и непосредно ќе се вклучат со своите децата и ќе работат на однапред договорени теми и содржини од различни области
- ***родителски состаноци*** кои се свикуваат со цел да се запознаат родителите со животот и работата на градинката, да се доближат тематски во однос на воспитно - образовната работа, воспитувањето и образованието на детето. Групните родителски средби овозможуваат родителите да се запознаат со карактеристиките на групата, со содржината на воспитно - образовната работа, распоредот на активностите во текот на денот, со проектите што се реализираат и сл.
- ***советот на родители*** претставува посебен вид на вклучување на родителот во животот и работата на детската градинка. Советот најчесто се собира за решавање на поголеми проблеми околу воспитно - образовната работа на децата. *Советот на родители* најчесто го сочинува по еден претставник од сите возрасни групи во градинката, кој на своите состаноци се запознава со организацијата на работата, дава предлози за организирање одредени активности, приредби и манифестации и сл.

Во интеракцијата со родителите, воспитувачот користи формални и неформални начини на комуникација за да сподели одредени информации со семејството. Тој редовно комуницира со семејствата во врска со нивните деца, за развојната и наставната програма, како и за случувањата во групата.

Од една страна воспитувачот ги воведува децата во заедницата, ги запознава со општеството, а од друга страна ги внесува членовите на

заедницата, односно претставниците на општеството во градинката, со цел да го поттикне учењето и социјализацијата на децата.

Воспитувачот им помага на семејствата да дојдат до најразлични информации, извори и услуги кои им се потребни за да се подобри учењето и развојот на нивните деца. Ги користи своите познавања и ги споделува со семејствата на децата како интегрален дел од воспитниот план и програма на децата[36].

Квалитетната педагогија ја имплементираат воспитувачи кои постојано вложуваат во својот професионален и личен развој, кои ги користат своите знаења во секојдневната пракса и кои соработуваат со останатите субјекти во креирањето на доживотното учење. Задачата на воспитувачот е да ги имплементира барањата и стандардите поставени во националната програма кои се базирани врз теоријата дека секое дете е успешен ученик[37].

Поголем број случаи посочуваат дека подобро образованите воспитувачи остваруваат повеќе позитивни и одговорни интеракции со децата, обезбедуваат побогат јазик и когнитивни искуства, помалку се авторитативни и помалку казнуваат. Најголема ефикасност во остварувањето на целите на воспитувањето може да се очекуваат само кога влијанијата на градинката и семејството меѓусебно се дополнуваат и се помагаат. За таа цел, како дел од соработката меѓу градинката и семејството потребно е да се користат најразлични облици на меѓусебно поврзување и прибирање информации за детето, а тоа се остварува преку секојдневни *индивидуални контакти, преку т.н. ќоше за родители, куќни посети, родителски состаноци и сл.* Преку постојаната заемна помош, предучилишната установа може повремено да обезбедува ***стручна помош од други стручни лица од различни профили, како што се педагог, психолог, логопед, социјален работник, да разменуваат педагошки, медицински и други совети и искуства[38].***

---

[36] Mirjana Pesic, M., Markovic, M., Maksimovic, I., Zindovic-Vukadinovic, G., Koruga, D. (2000), *Pre-school education in federal republic of Yugoslavia,* Beograd

[37] Дамовска, Л., Шеху, Ф., Јанева, Н., Плачевска, С. “и др.“ (2009), *Стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години,* Скопје: Министерство за труд и социјална политика

[38] Bender, Y. (2004), *The new teacher’s handbook practical strategies & techniques for success in the classroom from kindergarten through high school,* United States: Nomad press

Исто така и родителите би можеле да пружат помош во подготовката на амбиентот за разни настани, во изработка на дидактички материјал и опрема, или пак заедничко планирање ситуации – консултации, работилници, реализација на заеднички активности, уредување на отворениот и затворениот простор и сл. Средбите и консултациите на родителите им даваат одговор на многубројни прашања поврзани со децата, нивното воспитание и развој, односно придонесуваат да се задоволат интересите на детето, семејството и градинката.

Социјалниот аспект на интеракцијата меѓу субјектите дава можности за меѓусебно дружење и живеење, заеднички излегувања на учесниците во воспитно - образовниот процес, заеднички прошетки, излети, посети, прослави и планирани настани, организирање работилници, со цел квалитетно да се искористи слободното време. Важно е соработката меѓу градинката и семејството да се одвива плански и систематски во текот на целата година, вклучувајќи ги поактивно родителите во планирањето и програмирањето на ваквата соработка[39].

Интеракцијата на градинката со семејството покрај писмената и усната комуникација, може да се реализира и преку телефон, интернет, меѓутоа битно е информираноста на родителите во врска со активностите на нивните деца да предизвика повратна реакција и вклучување во активностите на групата. На овој начин родителите имаат увид и врз ангажираноста и врз напредокот на нивното дете во процесот на учењето. Со ваков начин на комуникација би се избегнало секојдневното индивидуално и понекогаш заморно објаснување за дневните и тековните активности, а истовремено се избегнува одземање на времето и на родителите и на воспитувачите[40].

Во воспитната практика, како алатки за комуникација со родителите честопати се праќаат писменца до родителите преку децата, што всушност не е пожелно. Успешноста на комуникацијата меѓу семејството и градинката најмногу може да придонесе преку користење огласни табли, белешки, размена на писмени информации. Огласните табли нудат голема можност

[39] Баракоска, А. (2003), *Педагогија на слободно време*, Скопје

[40] Педагошки стандарди Компетентни учители 21 век - Дефиниција за квалитетна педагошка пракса, ФОКИМ „Чекор по чекор": Учиме и растеме заедно

родителите да се информираат за активностите во групите, за случки и настани од животот на градинката, за посети, средби, претстави и сл. На релација семејство - градинка и обратно, писменото комуницирање се воспоставува и преку анкетни листови, со цел да се добие информација и мислење од родителите за најразлични теми[41].

Усната комуникација која се смета за *неформална комуникација* се однесува на секојдневните неформални индивидуални контакти, кои со оглед на ситуацискиот фактор – место, време, честопати можат да остават двоен ефект и позитивен, но и негативен. Комуникацијата при овие средби е краткотрајна, спонтана и непланирана. Низ овие средби се случува една страна во комуникацијата да остане недоречена или неразбрана. За поголем квалитет на интеракцијата меѓу градинката и родителите, понекогаш е неопходна и телефонската комуникација, која најчесто се реализира во исклучителни итни ситуации, каде се соопштуваат кратки информации.

Неопходен извор за комуникација и интеракција денес, во модерното општество, е секако интернетот. Потребно е градинката да поседува компјутерски информативен систем кој низ интерактивна интернет веб страна за родителите ќе дејствува во насока на развој, поддршка и едукација на семејствата, бидејќи интернетот воедно претставува најлесен и најдостапен начин на комуникација.

Со примената на овие форми на интеракција меѓу субјектите во градинката се овозможува развивање на чувство на хуманост кај трите субјекти (дете, родител, воспитувач), позитивно изграден селф – концепт, широка култура, флексибилност и адаптибилност, умереност, толерантност и трпеливост, создавање позитивни комуникациски вештини, способности за слушање и за воспоставување позитивни емоции во групата, инвентивност, демократичност, создавање високо ниво на самоконтрола и самооценување на сопствените постапки и емоции, високо ниво на самокритичност, способност за заедничко и конструктивно решавање на проблемите и сл.[42]

[41] Котева, Т. (1996), Детето-рамноправен партнер и субјект во воспитанието и образованието, Битола: Гоцмар

[42] Татјана Котева-Мојсовска, Педагошка комуникологија, интерна скрипта од предавања, 2009 Скопје

### 1.2.4. ИНТЕРАКЦИЈА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

Покрај соработката со родителите, неопходно е градинката да воспоставува соработка и со другите учесници во воспитно - образовниот процес. Тука се мисли на соработката со другите градинки, со училиштата, со стручните служби во градинките, други институции, локалната самоуправа и слично.

Својата основна цел да воспитува и да образува, да ја нуди потребната нега и превентивна здравствена заштита на децата, градинката ја остварува токму преку соработка со семејствата, но и општествената средина. Некогаш како иницијатор, а понекогаш како активен учесник, градинката учествува во различни општествени случувања во општината, во градот и тоа во вид на посети, приредби, претстави, маскенбали, акции, спортски натпревари итн.

***Локалната заедница*** има посебна улога во создавањето поволни услови за успешно остварување на целите за институционално воспитување и образование на предучилишните деца, поголем опфат и задоволување на различните потреби, како и перманентно усовршување на основните и пропратни дејности на предучилишните установи.

Соработката со локалната самоуправа се состои во остварување соработка со разни стручни институции и здруженија, со невладини организации, културни институции итн.

Соработката меѓу градинките и основните училишта, е исто така, значајна бидејќи доколку не се усогласи делувањето на училишната и предучилишната установа може да се појават потешкотии во адаптацијата на децата. Соработката со основните училишта може да се одвива во насока на соработка меѓу воспитувачите, наставниците, педагозите, психолозите, логопедите, дефектолозите и други стручни лица, со цел размена на информации, совети, предлози, идеи.

Во овој контекст може да се вброи посета на училишта од страна на децата во градинките, со цел директно запознавање со училишните објекти, организацијата на активностите во училишниот простор, присуствување на часови и сл. Исто така, пожелно е да се организира и посета на градинките

од страна на првоодделенците, реализација на заеднички активности во просториите на градинката, заедничка прослава, приредби, изложби и сл.

Како значаен сегмент за квалитетна интеракција меѓу субјектите во една градинка, потребно е да се воспостави и соработка помеѓу воспитувачите и педагогот, како и другите стручни служби - психолог, дефектолог, социолог, доктор и слично.

Педагогот на пример, има можност да разменува информации со воспитувачите за индивидуалните карактеристики, за развојот и потребите на децата, да организира стручни предавања итн. Тој директно се вклучува во планирањето и остварувањето на соработката со семејствата, дава инструкции и сугестии на воспитувачите во склад со целите, содржините, методите на работа, можностите и интересите на децата, дава поддршка во подготовката на активностите, ја прати реализацијата на плановите за работа на воспитувачите со родителите итн.

***Во работата со децата педагогот*** ги застапува најдобрите интереси на децата, соработува со сите потребни служби и институции во интерес на детето, се вклучува во активностите на децата и соработува со училиштата и непосредната околина.

***Соработката на педагогот со семејствата опфаќа*** советодавна работа, родителски состаноци, размена на информации со родителите за напредокот и за развојот на децата и ги вклучува родителите во работата на воспитната група.

Односот ***родител – градинка - стручни служби*** може да помогне во понатамошното образование на детето за да се подготви за поаѓање во училиште, да се спречи притисокот на детето - првоодделенец, овозможува партнерски однос меѓу субјектите во процесот на воспитанието и образованието, полесно да се следат и позитивно да се разберат детските однесувања итн.

Децата чии родители воспоставиле поголем процент на интеракција со воспитувачите и персоналот во градинката покажуваат поквалитетни односи кон сите учесници во воспитно - образовниот процес. Тоа значи подобар контакт со врсниците, со воспитувачите, со децата од другите групи.

***Квалитетот на интеракциите меѓу субјектите во градинката промовира позитивни чувства кај воспитувачите и позитивни ставови кон децата, а тоа пак, дава повисок квалитет на односот меѓу воспитувачот и детето[43].***

**Интеракцијата меѓу субјектите се развива преку „фидфорвард" – кога информацијата се пренесува од воспитувачот на децата и „фидбек" – кога има повратна информација од децата, под влијание на повеќе фактори во семејството и околната средина[44].**

***Соработката меѓу градинките и училиштата*** во општината и во градот опфаќа:

- соработка со воспитувачите, наставниците и стручните соработници
- организирање состаноци и советувања за стручниот кадар во градинката
- заеднички состаноци со родителите, воспитувачите и стручните соработници
- посета на училиште за децата од градинка и запознавање со објектот
- посета на ученици од помали одделенија
- заеднички прошетки, приредби, изложби, прослави
- заедничко користење на објектите, терените и другите простории
- соработка со семејствата, општината.

### 1.2.5. ИНТЕРАКЦИЈА РОДИТЕЛ - ДЕТЕ

Вклученоста на родителите во воспитно - образовниот процес придонесува за квалитетен детски развој, чувство на задоволство, гордост и самодоверба кај децата. На овој начин се нуди можност родителите сами да го проценат воспитно - образовниот план и процес, како и да влијаат на неговиот квалитет. Воочувањето на когнитивно - емоционален развој на детето и неговите карактеристики на одредена возраст, улогата на воспитувачите, ставовите и очекувањата на возрасните за развојот на децата

---

[43] *Тимска работа* - интерен материјал за студентите на Педагошки факултет, Скопје

[44] *Национална програма за развој на образованието во Р. Македонија, (2005-2015),* Нацрт-програма за развој на предучилишното воспитание и образование

и слично, претставува можност родителите директно да влијаат на квалитетот на воспитно - образовниот план и процес.

За унапредување на интеракцијата во групата потребно е родителот почесто да се вклучува во самите игри и активности во градинката, да развива конструктивна комуникација во групата на децата. Имено, децата ги развиваат своите способности според природните потенцијали, но и преку спонтаната интеракција со непосредната околина. Затоа е важно да се запомни дека иако сите деца имаат способност да се изразуваат и да творат, она што треба да се очекува од нив е креативен процес[45].

Со постојана помош и охрабрување од страна на воспитувачот и родителите, децата се оспособуваат за активно и создавачко учествување во животот. Животот на децата постојано се дополнува со нови искуства и учења. Нивниот свет за нас е честопати неразбирлив и збунувачки. Возрасните ја имаат токму таа голема одговорност да го сочуваат таквиот внатрешен свет на децата, а истовремено да им помогнат преку постојано учење и истражување да го збогатат нивното искуство и да развијат сопствен однос кон надворешниот свет. Целта на воспитувањето е зачувување на посебноста на детето и неговите потенцијали, како и стекнување нови вештини кои ќе ги развива и ќе ги надградува.

Прв чекор во вклучувањето на родителите во воспитно - образовната работа е создавање атмосфера на отвореност и запознавање на учесниците во воспитно - образовниот процес преку дискусии, разни активности и семинари. Потребно е да се контактираат родителите на кои им е особено значајно да учествуваат во работата на градинката, а тоа се постигнува преку избирање одбор на родители, одржување состаноци на одборот, вклучување во разни активности. Родителите треба да се обврзат почесто да ја посетуваат градинката, да обележат во кои активности сакаат да учествуваат, кои денови, колку часа, а потребно е и да се придржуваат на распоредот кој го договориле итн.[46]

---

[45] Ордев, Д. (2002), *Основи на наставата по ликовно,* Скопје: Педагошки факултет

[46] Education Children for Democracu, The Journal of International Step by Step Association, http://www.issa.nl/journal.html

***Постојат различни начини или можности за вклучување на родителите во активностите и тоа:*** раскажување приказни во мали групи, физички активности, подвижни игри, поправка на играчки, мебел и други средства, подготовка и учество во насочени активности, подготовка и издавање списанија, публикации, прибирање материјали, печатење и дистрибуција, подготовка на настани поврзани со различни празници, работни групи за организирање прослави и сл.

Колку е подолга листата на соработка со родителите, толку полесно ќе можат да пронајдат нешто за себе и да најдат начин да се вклучат во соработката, а притоа да се чувствуваат пријатно и прифатено.[47]

Во одредени модели за воспитно - образовна работа родителите учествуваат и во процесот на планирање и реализирање на некои од програмските содржини. Досегашните искуства од соработката со родителите се позитивни за детето, но и за родителот и генерално за успешно реализирање на самата програма.

Некои современи истражувања посочуваат дека првата интеракција меѓу мајката и детето има големо влијание врз севкупниот развој на детето. Раната интеракција меѓу мајката и детето е пресудна за развојот на детето во сите области на функционирањето, како на пример: говорот, моториката, чувствата, интелигенцијата. Детето од своето раѓање е биолошки ориентирано кон создавање контакт и емоционална експресивна интеракција со човечките суштества. Со други зборови, детето биолошки е предодредено за интеракција[48].

Првобитните односи меѓу родителот и детето се значајни за психо - социјалниот развој на детето и главно укажуваат на последиците кај нормалните деца кои можат да се појават при одвојувањето од родителите во првите години на животот.

Затоа, недоволната и неквалитетната соработка меѓу родителите и нивното дете доведува до одредени последици. Најизразените негативни

---

[47] *ibid*

[48] Николоска, М. (2002), *Развојна психологија* (детство), Скопје

последици во раното предучилишно доба се забавени когнитивни и говорно - јазични последици, како и последици во емоционалниот развој.

Секако, покрај мајката која е природен и најдобар партнер на детето во раната интеракција, потребно е да се вклучат и други возрасни лица и тие да му бидат еднакви успешни партнери во интеракцијата.

Во интеракцијата меѓу родителот и детето не значи дека двајцата партнери во интеракцијата се еднакви. Со оглед на незрелоста на детето, обично возрасниот е тој што ја започнува интеракцијата. Тој мора да биде во состојба да ги согледа нештата од перспектива на детето, а истовремено да бара одговор на детето.

Отсуството на навремени и адекватни социјални одговори го спречува детето да ја научи комуникативната вредност на своето однесување и на своите сигнали[49].

Развојот на интеракцијата меѓу родителите и детето претставува предуслов за успешен развој на комуникацијата, вклучувајќи го говорно - јазичниот развој.

Ефикасната соработка со децата детерминира постоење на односи на заемно почитување помеѓу воспитувачот и родителите. Родителот секојдневно се информира за постигнувањата и развојот на неговото дете, а од него се добиваат информации неопходни за планирањето, реализацијата и следењето на воспитно - образовната работа[50].

Со вклученоста на родителите во работата на децата за време на престојот во градинката се постигнува доживување на градинката како средина каде сите имаат еднакви можности да се вклучат во животот и работата на градинката.

Значајна улога во развојот на детето има и времето кое вработените родители го поминуваат со него, иако за жал, тоа време најчесто е многу кратко. Помошта која му ја нудат на детето во совладувањето на новите материи кои ги изучува во градинката, развивањето на интересот за нови

---

[49] *ibid*

[50] Керамичиева, Р. (1996), *Психологија во образованието и воспитанието,* Скопје: Просветно дело

знаења, надзорот, воспитувањето, моралната поддршка и сигурност итн., најчесто се недоволни. Би било идеално доколку градинката би можела да го компензира отсуството на родителите, меѓутоа тоа се јавува како значен чинител во коригирањето на некои непожелни потешкотии во прилагодувањето на децата, доколку го признава ставот да ги прифати децата онакви какви што се и постепено да ги адаптира и да ги вклучува во општеството.

### 1.2.6. ИНТЕРАКЦИЈА ДЕТЕ – ДЕТЕ

Позитивните интеракции помеѓу возрасните и децата, како и помеѓу самите децата и нивните врсници спаѓаат меѓу клучните елементи за севкупниот квалитет во групата. Градењето силни односи возрасен - дете е основа за подготвеност на детето за училиште, за идните постигнувања и за успехот подоцна во животот, но од таквите односи пак, зависи и социјализацијата на децата и односите кон своите врсници. Силните позитивни односи со воспитувачите и негувателките во средините каде се почитува културната и лингвистичката позадина на детето, претпочита позитивни можности за развој на социјална компетентност кај децата.

Оттука, промовирањето позитивни односи помеѓу врсниците е битно за следниве три меѓусебно поврзани причини: 1) социјалните врски ги формираат основите за учење во текот на целиот живот, 2) социјалната компетенција е интегрално поврзана со подоцнежниот образовен успех, 3) превенцијата на социјалните и образовните потешкотии е поефективна од нивното лечење подоцна[51].

Овозможувајќи му на детето искуства со кои ќе стане автономно и независно претставува една од клучните улоги која ја играат возрасните во раните години од детството на младите. Квалитетот на интеракциите и односите помеѓу децата влијаат врз резултатите на секое дете одделно. Позитивните односи воспитувач – дете можат да послужат како „бафери“ односно тампон зони или заштитни фактори за децата.

[51] Чекор по чекор

Позитивните односи воспитувач – дете покажуваат позитивни резултати во раните училишни години на детето, како на пример, вклученост во наставата и пониско ниво на агресија меѓу децата. Имено, некои истражувачи посочуваат дека кај децата од првите одделенија од основното образование ефектите од претходно воспоставените негативни односи воспитувач – дете резултираат со пониски оценки во училиште, се карактеризираат со помал ангажман во училиштето, зголемена непослушност во училницата, високо ниво на агресија со врсниците и социјално повлекување.

Сложените развојни задачи за градење на односите и самодовербата најдобро се извршуваат во предучилишните години. Полесно е да се изградат социјални способности и здрави емотивни врски помеѓу децата, отколку да се лечат евентуално подоцнежните проблеми.

Од друга страна, преку интеракцијата во градинката детето се навикнува на комуникациски вештини, комуницира со возрасните, со другарчињата и се грижи за нив, разговара со воспитувачот за своите потреби, проблеми, желби. Се постигнува развивање на социјалната перцепција, на способностите за адаптација во нова средина, на интерперсоналните односи и развивање на свеста, како и позитивен однос кон групата, усвојување на норми и обичаи во различни средини и ситуации. Исто така, детето се учи на препознавање, доживување и изразување на сопствените чувства, прифаќање од околината, разбирање и прифаќање на туѓите чувства[52].

Различните видови интеракции кои се усвоени и изградени во семејниот круг претставуваат модели за идентификација во општествената средина. Детето се идентификува со типовите објективни односи кои се воспоставуваат помеѓу родителите, браќата и сестрите, како и со нивните личности. Со излегувањето од семејниот круг детето влегува во ист или сличен систем на односи со децата од неговата култура. Се очекува неговите процеси на интеракција да бидат слични со типовите интеракција на останатите деца во предучилишната установа. Тоа ќе овозможи поголем

[52] Службен весник на Репубика Македонија, број 125, октомври (2007)

степен на интеграција и добро функционирање во новата општествена средина[53].

Градинката претставува важна општествена средина во која детето мора да совлада одредени односи со децата во својата група. Детската група, структурата и организацијата му нудат на детето нови и побогати социјални искуства и му наметнуваат различни притисоци, натпревари, активности и дисциплина. Оттука, промените во неговите односи во ваквата средина воведуваат и промени во семејните односи.

Тука може да се спомне процесот на одвојување од семејната група која може да предизвика страв кај родителите. Хиперзаштитничките ставови кај родителите го спречуваат процесот на индивидуализација и социјализација на детето во групата и со другарчињата и на тој начин можат негативно да влијаат врз прилагодувањето на детето во градинката, како и на неговиот успех во совладувањето нови знаења, умеења и навики.

***Интеракцијата меѓу врсниците*** придонесува да се поттикне детскиот игровен и творечки потенцијал во различни воспитни области и подрачја, да се развие чувство за сопствените вредности и личниот успех. Позитивните резултати кои произлегуваат од врсничката интеракција се висок степен на мотивација за игра кај децата, а сè со цел преку играта да се поттикне истражувачкиот дух и да се побуди интересот за интелектуални активности.

Ова укажува дека за да се постигне висок квалитет на интеракција помеѓу субјектите во воспитно - образовниот процес потребно е да се појде од интересите на децата, интересите на родителите, влијанието на средината, набљудување на групата итн.

Во воспитно - образовната работа од големо значење е и невербалната интеракција на децата која е карактеристична за детското однесување, бидејќи тоа почесто комуницира без зборови, поточно со знаци, движења и слично па затоа и невербалното однесување на воспитувачот за време на разговорот со децата потребно е да се реализира низ повеќе

[53] Петров, Н., Михаловски, В. (1996), *Методика по развој и култура на говорот,* Битола: Биангл

движења и акции на оној кој говори и да се следи внимателно оној кој слуша во реализацијата на разговорот.

Невербалната интеракција меѓу децата се реализира низ неколку комуникациски невербални форми, меѓу кои набљудување или следење на движењето на телото кај учесниците во интеракцијата, гестикулации, очен контакт, говорно однесување. Говорното однесување се однесува на брзината, ритамот, бојата на гласот, артикулацијата, како и гласови без вербална содржина.

Кај децата големо влијание има и просторното опкружување, поточно дали станува збор за позатворена или јавна зона каде се изведува некоја активност, како и времето кога се изведува активноста и сл.

Најважните особини кои треба да се изградат кај детето се чувството за одговорност, сигурност и самостојност. За таа цел, детето треба да исполнува одредени барања што ги поставуваат родителите, а кои треба да бидат во склад со детската возраст. Возрасните и воспитувачите не треба да го присилуваат детето по секоја цена да ја изврши задачата, ниту пак, да применат дисциплинска казнена мерка, туку едноставно треба задачата да ја претворат во игра, бидејќи за да го разбереме детскиот свет треба да се спуштиме на ниво на детскиот ум.

## 1.3. РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА

Образовните програми каде што голема важност зазема квалитетот на интеракцијата помеѓу воспитувачот и децата, претставува исклучително следено и набљудувано подрачје од страна на различни образовни системи, во голем број држави ширум светот.

Како покарактеристични може да се споменат канадските предучилишни програми кои на децата им овозможуваат структурирани стимулативни средини за учење и развој пред да влезат во училишниот систем кој почнува на петгодишна возраст.

Истражувачите се согласуваат дека комбинацијата на образованието на кадарот, односот помеѓу детето и воспитувачот, како и големината на групите се структурни елементи кои влијаат на квалитетот на

предучилишните програми, како и на крајниот развој на детето. Самиот процес и динамичните елементи кои ја потенцираат детската интеракција со возрасните, како клучни елементи на квалитетот, влијаат врз развојот на детето. Имено, структурата на програмите во насока на бројноста на воспитниот кадар, видот и степенот на професионална едукација, бројот на групите и бројот на децата во групите, влијаат на квалитетот на секојдневната интеракција со децата.

Високата свест за раниот развој ги поставува темелите за вкрстено споредување на курикулумите во различни земји, односно вкрстување на социјалната педагогија и градинките[54].

Практикувањето на социјалната педагогија, која е вообичаена за Скандинавските земји, Нов Зеланд и Италија, вклучува широка развојна структура и локален развој на курикулумот. *Фокусот во курикулумот се става на развојните цели, интерактивноста со воспитувачите и соучениците, како и на високиот животен квалитет во раното детство*[55].

Градинките во некои европски земји како што се Франција, Британија, или пак градинките во Австралија и САД се карактеризираат со *централизиран развој на курикулумот, често со детални цели и резултати кои одлучуваат за тоа што и како децата учат.* Целите и резултатите често се нарекуваат стандарди за учење или очекувања за наученото и се поврзани со задачите за подготовка на децата во училиште, како и способностите поврзани со писменоста при подготовката за прво одделение.

Воспитувачите имаат тенденција да воспостават интеракција со децата околу активностите поврзани со предвидените очекувања за учење и се потпираат повеќе на стратегии со директни инструкции.

Подобрувањето на образовната клима, како и на процесот на учење е едно од главните полиња во новите воспитно - образовни стратегии. **Стратегиите, методите и современите техники мора да бидат**

---

[54] Bertrand, J. (2007), *Centre of Excellence for Early Childhood Development,* Toronto: Encyclopedia on Early Childhood Development

[55] *Kindergarten,* School district of Hillsborough eounty eivision of instruction, elementary education handbook

**интерактивни и да ги вклучуваат сите учесници во воспитно – образовниот процес.**

Прогресивното движење кое ја стимулира тенденцијата за подобрување на квалитетот на активностите и процесот на учење е токму интеракцијата со детето во фокусот. Специфичните елементи на овие тенденции се интеракцијата, вклучувањето на сите субјекти и структурата на нивната интеграција. Тоа се нарекува интерактивно учење каде што детето е во фокусот. Овој процес повикува на создавање интерактивни способности кои го прават детето активно во истражувањето на знаењето, како и нивно практикување[56].

**Интеракцијата треба да се сфати како чин на соработка која треба да биде динамична, флексибилна, отворена за воспитувачот и детето, како и за децата кои комуницираат меѓусебно, каде што сите имаат право да донесуваат одлуки и да ги истакнуваат улогите кои можат да ги усвојат.**



[56] М.Циндриќ, В.Домовиќ, М. Матијевиќ, 2008, *Педагогија и образовно општество 1 и 2*, Задар – Втора интернационална конференција и систематски истражувања

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За време на истражувањето во градинките се извршија повторливи следења, набљудувања и интервјуа со субјектите со цел да се истражи развојот и текот на интеракциската релација помеѓу трите главни страни: родителите, децата и воспитувачите.

Се набљудуваше интеракцијата помеѓу децата, се следеше работа во парови, групна работа, како и други модели кои се применуваат за време на насочените и слободните активности.

### 2.1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Предмет** на ова истражување е квалитетот на интеракцијата меѓу воспитувачите и децата во детските градинки. Се очекува дека преку следењето на интеракцијата меѓу овие два субјекти ќе се овозможи да се согледа квалитетот на воспоставување заемни односи, да се направи проценка и да се добие општа слика за различните видови интеракција помеѓу воспитувачот и децата, преку различни насочени и слободни активности во рамките на различни програмски подрачја

Истражувањето е насочено и кон утврдување на улогата и односот помеѓу родителите и воспитувачите.

Истражувањето се спроведе во шест детски градинки во Град Скопје, во Општина Аеродром во рок од една година и шест месеци.

### 2.2. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Цел на истражувањето е да се утврди квалитетот на интеракција помеѓу воспитувачите, децата и родителите.

### 2.3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Задачите на ова истражување се:

- воочување на интерактивната комуникација во насочените и слободните активности

- утврдување на квалитетот на интеракција помеѓу воспитувачот и децата за време на различни активности
- утврдување на квалитетот на методите на воспоставување интеракција помеѓу воспитувачот и децата
- согледување на способноста, стручноста и подготвеноста на воспитувачот за постојана работа со децата
- утврдување на степенот на информираност на родителите за квалитетот на интеракција помеѓу воспитувачот и детето
- согледување на вклученоста на родителите во самиот процес на интеракција со воспитувачот и со своето дете

## 2.4. ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Основна хипотеза** во истражувањето е дека квалитетот на интеракција меѓу субјектите во детските градинки е на задоволително ниво.

**Посебни хипотези** се:

2.4.1. воспитувачите обезбедуваат стимулативен амбиент за претстој на децата во градинката

2.4.2. воспитувачите ги поттикнуваат децата на меѓусебна соработка

2.4.3. воспитувачите остваруваат редовни средби со родителите

2.4.4. родителите се делумно вклучени во активностите на градинката

2.4.5. родителите се делумно информирани за квалитетот на интеракција помеѓу воспитувачот и нивното дете.

## 2.5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Зависна варијабла** е ставовите и квалитетот на интеракција меѓу субјектите во детските градинки за време на слободни и насочени активности.

**Независни варијабли**:

- изгледот и атмосферата во просторијата
- возраста на воспитувачите и родителите
- пол на воспитувачите и родителите
- степенот на образование на воспитувачите
- работното искуство на воспитувачите.

## 2.6. МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ИТНЕРАКЦИЈА ПОМЕЃУ СУБЈЕКТИТЕ ВО ГРАДИНКИТЕ

Преку **дескриптивната метода** во истражувањето на квалитетот на интеракција меѓу субјектите во детските градинки се согледуваат карактеристиките и поврзаноста меѓу учесниците во интерактивните односи.

Истражувањето на квалитетот на интеракција меѓу субјектите се спроведе во неколку различни градинки во Скопје во траење од една година и шест месеци и се реализираше во различни воспитно – образовни подрачја и во различни возрасни групи.

Преку дескриптивниот метод се истражија ставовите и мислењата на родителите и воспитувачите за карактеристиките на интеракцијата со децата, како и нивниот меѓусебен однос.

## 2.7. ТЕХНИКИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ИТНЕРАКЦИЈА ПОМЕЃУ СУБЈЕКТИТЕ ВО ГРАДИНКИТЕ

**Набљудувањето** го опфати интеракцискиот однос меѓу воспитувачите и децата, помеѓу самите деца, како и помеѓу воспитувачите и родителите. Односот помеѓу овие субјекти се следеше за време на насочени активности каде се обработуваа конкретни тематски содржини, но се набљудуваа и слободните активности.

**Анкетирањето** ги опфати воспитувачите и родителите кои пополнуваа анкетни листови со ставови во однос на квалитетот на интеракцијата.

**Анализата на содржината** опфати анализа на воспитно - образовна документација, како што се нормативни акти, законска легислатива; правилници, одлуки од областа на образованието и социјалната заштита на децата, програмски документи, како што се студиски програми во

предучилишното и основното образование, воспитни и наставни планови и програми во предучилишното и основното образование во Македонија и надвор од нашата држава и сл.

## 2.8. ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ИТНЕРАКЦИЈА ПОМЕЃУ СУБЈЕКТИТЕ ВО ГРАДИНКИТЕ

Инструменти кои се користеа во истражувањето на квалитетот на интеракција меѓу субјектите во градинките се:

- **Анкетен лист за воспитувачи** со кој се добија информации за квалитетот на интеракција меѓу воспитувачот и децата реализирана во различни возрасни групи. Прашалникот е поделен во два дела. Вториот дел содржи генерални податоци за испитаникот и групата, додека во првиот дел воспитувачите одговорија на 25 прашања со проширена алтернација од кои се согледа начинот и степенот на комуникација, поточно квалитетот на интеракција со децата и нивните родители.
- **Анкетен лист за родители** со кој се добија информации за квалитетот на интеракција меѓу родителите, воспитувачите и нивните деца. Прашалникот е поделен во три дела. Третиот дел содржи генерални податоци за испитаникот, вториот дел има 5 прашања со алтернација, односно ДА/НЕ одговори, со што се согледа вклученоста на родителите во активностите на градинката, додека во првиот дел родителите одговорија на 22 прашања со проширена алтернација од кои се согледа начинот и степенот на комуникација, поточно квалитетот на интеракција со децата и нивните родители.
- **Чек - листа за воспитувачи** која ја пополнуваше истражувачот, овозможи да се добијат сознанија околу подготвеноста на воспитувачот за интеракција со децата и родителите. Чек - листата е составена од 10 видови документи кои се штиклираа доколку воспитувачот ги поседува во групата.
- **Листа за набљудување** на интеракцијата меѓу субјектите која ја вршеше истражувачот, овозможи да се согледа атмосферата во градинката/во групата. Листата на набљудување се пополнуваше за време на насочени активности во различни воспитно – образовни подрачја.

## 2.9. ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК

Истражувањето на квалитетот на интеракцијата помеѓу учесниците во детските градинки се изведе врз пригоден примерок на субјекти кои го сочинуваат воспитувачи, родители и деца.

Во истражувањето се опфатија **30 воспитувачи ($N_1$ = 30)** од различни возрасно - воспитни групи кои се анкетираа и се набљудуваа, со цел да се согледа квалитетот на интеракција помеѓу субјектите, а од страна на истражувачот, а покрај набљудувањето се пополни и чек-листата за да се согледа и подготвеноста на воспитувачот за интеракција со децата и родителите.

Покрај воспитувачите, се вклучија и **60 родители ($N_3$ = 60)** по двајца родители од секоја набљудувана група, кои исто така се анкетираа со цел да се добие информација за квалитетот на интеракција со воспитувачот и нивното дете.

Како трет субјект на набљудување беа децата. Се следеа активности на **150 деца ($N_2$ = 150)** од различни возрасни групи и тоа, кои беа избрани по случаен примерок и кои се набљудуваа во текот на целата година за време на реализација на различни насочени или слободни активности. Децата се набљудуваа за да се согледа квалитетот на интеракција со воспитувачот и другите деца.

Во истражувањето се опфатија **6 градинки ($N_4$ = 6)** во Општина Аеродром, во градинката „Срничка“, клонови „Чекорче“, „Калинка“, „Црвенкапа“, „Лале“, „Изворче“ и „Бамби“.

# 3. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

За време на истражување прво се направи набљудување на примерокот по што следеше анкетирањето.

Откако се изврши анкетирање на родителите и воспитувачите кои учествуваа во истражувањето и се направи анализа на добиените податоци. Податоците од набљудувањето, анкетирањето и од чек-листите се обработија веднаш по нивното завршување.

Податоците коишто беа добиени од истражувањето се групирани, табелирани, обработени и графички прикажани со употреба на програмата Microsoft Office Excel 2007.

***Табела 1. - Структура на примерокот***

<table>
<tr><th colspan="4">СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ</th></tr>
<tr><th>КАТЕГОРИЈА</th><th>ВОСПИТУВАЧИ</th><th>РОДИТЕЛИ</th><th>ДЕЦА/ГРУПИ</th></tr>
<tr><td>Вкупно испитаници</td><td>30</td><td>60</td><td>1050</td></tr>
<tr><td>Возраст</td><td>32-61</td><td>30-41</td><td>2,5 - 6</td></tr>
<tr><td>Пол</td><td>Женски</td><td>Женски (55)<br>Машки (5)</td><td>Женски (535)<br>Машки (515)</td></tr>
<tr><td>Степен на образование</td><td rowspan="2">ВСС (7) < искуство<br>ВПШ (3) > искуство</td><td>ВСС (50)<br>ССС (6)<br>м-р (2)<br>д-р (2)</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Работен статус/работно искуство</td><td>Вработени (50)<br>Невработени (10)</td><td>/</td></tr>
</table>

Според податоците од табела, во истражувањето на квалитетот на интеракција меѓу субјектите во детските градинки се опфатија вкупно 30 воспитувачки и тоа сите се жени на возраст од 32 до 61 година. Од нив 83% или 25 имаат висока стручна спрема, додека 17% или 5 имаат виша педагошка спрема. Испитаниците имаат работно искуство, кое се движи од 1 до 38 години работен стаж, така што лицата со виша стручна спрема имаат поголемо работно искуство, додека оние со висока стручна спрема имаат помало работно искуство.

Во истражувањето учествуваа 60 родители на возраст во просек од 30 до 41 година, од кои 92% или 55 се женски, а само 8% или 5 се машки. Од нив 83% или 50 родители се вработени, 17% или 10 се невработени. Меѓу родителите имаше по два магистри и по два доктори на наука, додека 50 се со висока стручна спрема, а само шест се со средна стручна спрема.

Набљудувањето опфати и 1.050 деца од 30 различни возрасни групи, Децата беа на возраст од 2,5 до 6 години, од кои поголем дел беа девојчиња односно 51% или 535, додека 49% или 515 беа машки.

Интеракцијата меѓу субјектите е вербална, мотивациска и најмногу се сведува на прашања и разговор меѓу воспитувачот и децата, пофалби, критики, реализирање игри и други интерактивни активности.

## 3.1. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД НАБЉУДУВАНАТА АТМОСФЕРА ВО ГРАДИНКАТА

**Исказ 1**. - Изгледот на просторијата е мотивирачки

| ИСКАЗ | Точно/Присутно | | |
|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 |
| Просторот во игралната е оптимален, а мебелот функционален | 2 /(7%) | 5 /(17%) | 23 /(76%) |
| Распоредот на катчињата и масичките обезбедува квалитетна комуникација помеѓу децата и другите субјекти | 4 /(13%) | 4 /(13%) | 22 /(74%) |
| Детските играчки и материјали се достапни и се користат во секојдневната работа | 4 /(13%) | 4 /(13%) | 22 /(74%) |
| **Вкупно набљудувани испитаници/групи** | **30 (100%)** | | |




**Графикон 1**: Мотивирачки изглед на просторијата

Од набљудувањето на атмосферата во градинката 22 или 74% од набљудуваните избраници настојуваат да обезбедат мотивирачки изглед на просторијата. Графиконот покажува дека 23 испитаници или 76% потврдуваат дека просторот во игралната е оптимален, а мебелот функционален, додека 5 воспитувачи или 17% делумно се согласуваат со ваквиот исказ, а пак 2 или 7% не се согласуваат со ова тврдење.

Податоците ја потврдуваат хипотезата дека воспитувачите обезбедуваат мотивирачки изглед на просторијата.

**Исказ 2.** - Воспитувачот обезбедува пријатна атмосфера во просторијата

| ИСКАЗ | Точно/Присутно | | |
|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 |
| Воспитувачот им се обраќа на децата со уважување | 4 /(13%) | 5 /(17%) | 21 /(70%) |
| Грешките на децата се знак за воспитувачот за нови објаснувања | 3 /(10%) | 3 /(10%) | 24 /(80%) |
| Реакциите на воспитувачот се добронамерни | 4 /(13%) | 4 /(13%) | 22 /(74%) |
| **Вкупно набљудувани испитаници/групи** | **30 (100%)** | | |




**Графикон 2:** Воспитувачот обезбедува пријатна атмосфера во групата

Според графиконот 2 кој ја дава сликата за атмосферата во групата од која директно зависи интеракцијата меѓу субјектите, 80% или 24 од вкупно 30 воспитувачи се свесни дека грешките на децата се знак за нови објаснувања, додека само 3 испитаници не сметаат така, односно делумно се сложуваат со ваквиот став. На 74% или 22 воспитувачи реакциите им се добронамерни, додека 4 или 13% не сметаат така, односно делумно се сложуваат со ваквиот исказ. Во поголем број случаи 21 или 70% од воспитувачите им се обраќаат на децата со уважување, 17% или 5 делумно применуваат вакви тактики, додека 4 не го прифаќаат ваквото тврдење.

**Исказ 3:** Воспитувачот поттикнува меѓусебно почитување

| ИСКАЗ | Точно/Присутно | | |
|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 |
| Воспитувачот ги охрабрува децата внимателно да се слушаат едни со други | 10 /(33%) | 0 | 20 /(67%) |
| Интервенира при конфликти меѓу децата | 2 /(7%) | 0 | 28 /(93%) |
| Воспитувачот е свесен за разликите на децата и инсистира на толеранција | 10 /(33%) | 0 | 20 /(67%) |
| **Вкупно набљудувани испитаници/групи** | **30 (100%)** | | |




**Графикон 3:** Меѓусебно почитување во групата

Во овој графикон постои поделеност во ставовите на воспитувачите, 67% или 20 воспитувачи ги охрабруваат децата внимателно да се слушаат едни со други, додека 10 или 33% од нив не се сложуваат со ваквиот став, а истиот овој однос се однесува и на тврдењето дека воспитувачот е свесен за разликите на децата и инсистира на толеранција. Што се однесува до интервенциите во конфликтите меѓу децата 93% или 28 испитаници веднаш преземаат активности, додека 2 испитаници или 7% сметаат дека децата сами треба да ги решаваат конфликтните ситуации.

**Исказ 4:** Воспитувачот поттикнува самодоверба кај децата

| ИСКАЗ | Точно/Присутно | | |
|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 |
| Воспитувачот посветува внимание на секое дете | 8 /(27%) | 8 /(27%) | 14 /(46%) |
| На позитивен начин реагира на прашањата и одговорите на децата | 2 /(7%) | 2 /(7%) | 26 /(86%) |
| Афирмативно им соопштува на децата што сè можат да направат | 2 /(7%) | 2 /(7%) | 26 /(86%) |
| **Вкупно набљудувани испитаници/групи** | 30 (100%) | | |




**Графикон 4:** Самодоверба кај децата

Според графиконот 4, 86% или 26 испитаници афирмативно им соопштуваат на децата што сè можат да направат и на позитивен начин реагираат на прашањата и одговорите на децата, додека само 7% или по 2 испитаници не се согласуваат, односно делумно не се согласуваат со ваквиот став. Како еден услов за да се поттикне самодовербата кај децата е и посветувањето внимание на секое дете, така што од набљудувањето 14 испитаници или 46% наоѓаат можности да посветат внимание на секое дете, додека по 27% или по 8 воспитувачи не го прифаќаат, односно делумно се сложуваат со ваквото тврдење.

**Исказ 5:** Воспитувачот ги мотивира децата да се изразуваат

| ИСКАЗ | Точно/Присутно | | |
|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 |
| Преку интерактивни игри ја развива способноста правилно изразување на мислите | 2 /(7%) | 2 /(7%) | 26 /(86%) |
| Ги поттикнува децата да зборуваат чисто и јасно | 5 /(17%) | 5 /(17%) | 20 /(66%) |
| Ги поттикнува децата да користат целосни реченици во изразувањето | 2 /(7%) | 3 /(10%) | 25 /(83%) |
| **Вкупно набљудувани испитаници/групи** | **30 (100%)** | | |




**Графикон 5:** Мотивација за изразување кај децата

Од спроведеното истражување, уште еден услов кој влијае на позитивната интерактивна комуникација меѓу воспитувачот и децата е мотивацијата кај децата да се изразуваат. Голем дел од испитаниците, 25 или 86% ги поттикнуваат децата да користат целосни реченици во изразувањето, додека 10% или 3 испитаници делумно се согласуваат со ваквиот став, а пак, 7% или 2 испитаници не го поддржуваат ваквиот став. Поголем дел од испитаниците, поточно 26 воспитувачи или 86% ја развиваат способноста кај децата за правилно изразување на мислите, а 7% или по двајца воспитувачи делумно го поддржуваат ваквиот став, односно сметаат дека ваквиот став нема големо влијание врз интерактивниот однос со децата.

**Исказ 6:** Воспитувачот ја следи работата на децата

| ИСКАЗ | Точно/Присутно | | |
|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 |
| Внимателно ги слуша децата кога зборуваат | 2 /(7%) | 0 | 28 /(93%) |
| Ги поттикнува децата во слободните игри | 2 /(7%) | 2 /(7%) | 26 /(86%) |
| На позитивен начин реагира на нивните грешки | 2 /(7%) | 0 | 28 /(93%) |
| **Вкупно набљудувани испитаници/групи** | **30 (100%)** | | |




**Графикон 6**: Следење на работата на децата

За време на набљудувањето беше забележано дека речиси сите воспитувачи, поточно 93% внимателно ги слушаат децата кога зборуваат и на позитивен начин реагираат на нивните грешки, додека 7% или само двајца делумно ги применуваат ваквите ставови. Од испитаниците 86% ги поттикнуваат децата и за време на слободните игри, додека по 7% или по двајца воспитувачи сметаат дека не треба да се мешаат во слободните игри на децата, односно делумно се согласуваат со ваквиот став.

**Исказ 7:** Воспитувачот ја стимулира независноста кај децата

| ИСКАЗ | Точно/Присутно | | |
|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 |
| Ги поттикнува децата да работат самостојно | 2 /(7%) | 0 | 28 /(93%) |
| Ги охрабрува сами да одлучуваат во изборот на задачите | 2 /(7%) | 2 /(7%) | 26 /(86%) |
| Ги охрабрува да го искажат своето мислење | 5 /(17%) | 5 /(17%) | 20 /(66%) |
| **Вкупно набљудувани испитаници/групи** | **30 (100%)** | | |




**Графикон 7:** Стимулирање на независноста кај децата

Според овој графикон 93% или 28 воспитувачи ги поттикнуваат децата самостојно да работат, додека 7% или 2 не се согласуваат со ваквиот исказ. Мал дел од испитаниците, односно 7% или двајца воспитувачи делумно или воопшто не ги охрабруваат децата сами да одлучуваат во изборот на задачите, додека 86% го почитуваат ваквиот став. За нијанса повеќе, поточно 17% или 5 испитаници делумно или воопшто не ги охрабруваат децата да го искажат своето мислење, додека 66% почесто настојуваат и ги охрабруваат децата да го искажат своето мислење.

**Исказ 8:** Воспитувачот ги поттикнува децата на соработка

| ИСКАЗ | Точно/Присутно | | |
|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 |
| Нуди задачи со вклучена соработката меѓу децата | 2 /(7%) | 2 /(7%) | 26 /(86%) |
| Им дава упатства на децата за меѓусебна соработка | 2 /(7%) | 2 /(7%) | 26 /(86%) |
| Ги охрабрува децата да ја постигнат заедничката цел | 2 /(7%) | 2 /(7%) | 26 /(86%) |
| **Вкупно набљудувани испитаници/групи** | **30 (100%)** | | |




**Графикон 8:** Соработка помеѓу децата

Во врска со поттикнувањето меѓусебна интеракција кај децата речиси сите испитаници, поточно 86% или 26 воспитувачи ги охрабруваат децата да ја постигнат заедничката цел, им даваат упатства за меѓусебна соработка и им нудат задачи кои бараат заедничка соработка на децата, додека 2% проценти или само 2 испитаници не се сложуваат со ваквите ставови, односно делумно ги прифаќаат овие искази.

Податоците ја потврдуваат хипотезата дека 86% од воспитувачите ги поттикнуваат децата на меѓусебна соработка.

**Исказ 9:** Воспитувачот ја поттикнува индивидуалноста кај децата

| ИСКАЗ | Точно/Присутно | | |
|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 |
| Обезбедува секое дете да учествува во групна работа | 2 /(7%) | 2 /(7%) | 26 /(86%) |
| Обезбедува секое дете да учествува во активноста | 2 /(7%) | 2 /(7%) | 26 /(86%) |
| Го поттикнува секое дете да размислува | 2 /(7%) | 2 /(7%) | 26 /(86%) |
| **Вкупно набљудувани испитаници/групи** | **30 (100%)** | | |




**Графикон 9:** Поттикнување на индивидуалноста кај децата

Во врска со поттикнувањето на индивидуалноста кај децата речиси сите испитаници, поточно 86% или 26 воспитувачи го поттикнуваат секое дете да размислува, обезбедува учество во активности, како и учество во групна работа, а само 2% проценти не се сложуваат со ваквите ставови, односно делумно ги прифаќаат исказите.

**Исказ 10:** Воспитувачот користи нагледни средства и дидактички материјали

| ИСКАЗ | Точно/Присутно | | |
|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 |
| Обезбедува реализација на активности преку нагледни средства | 2 /(7%) | 2 /(7%) | 26 /(86%) |
| Користи разни методи, разговара, објаснува демонстрира со помош на нагледни средства и дидактички материјал | 2 /(7%) | 2 /(7%) | 26 /(86%) |
| Овозможува децата да го користат дидактичкиот материјал, нагледните средства, предмети | 5 /(17%) | 10 /(33%) | 15 /(50%) |
| **Вкупно набљудувани испитаници/групи** | **30 (100%)** | | |




**Графикон 10:** Користење нагледни средства и дидактички материјали

Според овој графикон 86% од испитаниците или 26 воспитувачи користат разни методи, разговори, објаснувања и обезбедуваат реализација на активностите преку нагледни средства, додека само 7% или 2 од нив сметаат дека овие ставови се делумно или потполно неточни. Што се однесува до користењето нагледни средства и дидактички материјали 50% или 15 воспитувачи ги користат секојдневно, додека 33% сметаат дека интеракцијата може да се реализира и без овие средства и материјали, а пак, 17% или 5 воспитувачи воопшто не се согласуваат со овој став.

Податоците од спроведеното набљудување укажуваат дека квалитетот на интеракцијата помеѓу децата и воспитувачите во детските градинки е на задоволително ниво.

## 3.2. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СПРОВЕДЕНАТА ЧЕК-ЛИСТА ВО ВРСКА СО ПОДГОТВЕНОСТА НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ЗА ИНТЕРАКЦИЈА

Во ова истражување како мерен инструмент на квалитетот на интеракција меѓу воспитувачот и децата е применета на чек - листата за воспитувачи која ја врши истражувачот. Чек - листата придонесе да се увиди подготвеноста на воспитувачот за интеракција со децата и со родителите, примената на различни видови интеракција со децата, како и користењето различни интерактивни игри во групата.

Во чек - листата се наброени 10 документи преку кои може да се согледа колку воспитувачот поседува претходна подготвеност за работа и интерактивни активности со децата.

**Табела 1: Дали постои наведената документација**

| Ред. бр. | ДОКУМЕНТИ | ДА | НЕ |
|---|---|---|---|
| 1 | Правилник за однесување на децата и воспитувачите | 27 | 3 |
| 2 | Куќен ред во градинката | 30 | / |
| 3 | Правилник за награди и пофалби за децата | 10 | 20 |
| 4 | Евиденција за начинот на реагирање и мерки кои се преземаат за неприфатливо однесување на децата | 15 | 15 |
| 5 | Програма за запознавање на децата со Повелбата за детските права | 25 | 5 |
| 6 | Евиденција на слободните активности | 30 | / |
| 7 | Евиденција на одржани приредби, манифестации кои се одржуваат во градинката | 30 | / |
| 8 | Евиденција на емоционални, здравствени и социјални проблеми и потреби на децата заради навремено реагирање и нивно елиминирање | 30 | / |
| 9 | Евиденција на контакти со родителите | 30 | / |
| 10 | Евиденција за вклученост на родителите во активностите на градинката | 30 | / |

Во чек - листата може да се забележи дека 6 од вкупно 10 документи поседуваат 100% од испитаниците или 30 воспитувачи ги поседуваат следните документи:

Куќен ред во градинката

3.2.1. Евиденција на слободните активности

3.2.2. Евиденција на одржани приредби, манифестации кои се одржуваат во градинката

3.2.3. Евиденција на емоционални, здравствени и социјални проблеми и потреби на децата заради навремено реагирање и нивно елиминирање

3.2.4. Евиденција на контакти со родителите

3.2.5. Евиденција за вклученост на родителите во активностите на градинката.

Поседувањето на овие документи потврдува дека воспитувачите имаат доволна претходна подготвеност за работа и интерактивни активности со децата.




**Графикон 11:** Поседување Правилник за однесување на децата и воспитувачите

Според графиконот 11, јасно се гледа дека од 30 испитаници, 10% или три воспитувачи не поседуваат Правилник за однесување на децата и воспитувачите, додека останатите 27 или 90% поседуваат.




**Графикон 12:** Поседување Правилник за награди и пофалби за децата

Документ кој најмалку го поседуваат воспитувачите е Правилникот за награди и пофалби за децата според кој се одредува во кои случаи и до кој степен децата треба да се наградат, да се пофалат и слично. Од вкупниот број испитаници само 33% или 10 испитаници го поседуваат овој документ, додека останатите 67% или 20 воспитувачи не го поседуваат.




**Графикон 13:** Евиденција за начинот на реагирање и преземање мерки за неприфатливото однесување на децата

Евиденција за начинот на реагирање и мерки кои се преземаат за неприфатливо однесување на децата водат половина од испитаниците, односно 15 или 50% одговориле позитивно и исто толку се изјасниле дека не водат ваква евиденција.




**Графикон 14:** Програма за запознавање со Повелбата за детските права

Во својот план на активности, 17% или 5 испитаници ја немаат предвидено Програма за запознавање на децата со Повелбата за детските права, додека останатите 83% или 25 воспитувачи веќе ја користат и ги запознале децата со нивните права и должности.

Според податоците од истражувањето воспитувачите поседуваат поголем дел од документацијата од која се согледува колку и каква претходна подготвеност за работа и интерактивни активности со децата поседува воспитувачот, од што пак директно зависи квалитетот на нивната меѓусебна интеракција.

## 3.3. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СПРОВЕДЕНАТА АНКЕТА НА ВОСПИТУВАЧИТЕ

Од спроведената анкета на воспитувачите поголем дел од прашањата содржат 100% позитивен одговор. Поточно, прашалникот содржи 25 прашања од кои на 13 прашања сите воспитувачи дале ист одговор дека целосно се согласуваат со понудените ставови.

Имено, сите 60 воспитувачи дале одговор дека се согласуваат со следните ставови:

3.4. Имам одлична комуникација и соработка со децата

3.5. Проверувам дали децата ги разбрале моите прашања и упатства

- Ги поттикнувам децата да поставуваат прашања и давам додатни објаснувања по нивно барање
- Ги поттикнувам децата самостојно да извршуваат одредени задачи
- Ги поттикнувам децата да размислуваат и ја поттикнувам нивната мотивација
- Континуирано го набљудувам и го бележам напредувањето на децата
- Ги поттикнувам на правилен граматички говор и правилно јасно поврзување на речениците во нивното изразување
- Ја развивам љубовта на децата кон книгата, читањето, творештвото
- Редовно ги известувам родителите за промените во однесувањето на нивното дете
- Ги бележам воспитните планови кои од одредени причини не се оствариле
- Настојувам да ја исполнам поставената задача и цел за време на насочените активностиПостигнатите знаења на децата се резултат на мојата работа и заложување.

На останатите прашања одговорот на воспитувачите е различен. Во прилог следува Прашалникот со прашањата за кои воспитувачите имаат различни мислења.

**Табела 2:** Анкетен лист за воспитувачи со ставови во однос на квалитетот на интеракцијата со децата и родителите

| **СТАВОВИ** | **ОДГОВОР** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **1** | **2** | **3** | **4** |
| Постојано применувам разни методи и форми на работа | / | / | 4 /(13%) | 26 /(87%) |
| Секогаш користам бројни нагледни средства, дидактички материјали со цел да го привлечам вниманието на децата | / | / | 4 /(13%) | 26 /(87%) |
| Одбирам примери и задачи кои се поинтересни за децата и користам додатна литература за време на активностите | / | / | 4 /(13%) | 26 /(87%) |
| Користам различни форми на изразување во насочените активности | / | / | 5 /(17%) | 25 / (83%) |
| Често применувам различни говорни игри за развивање на изразувањето кај децата | / | / | 3 /(10%) | 27 /(90%) |
| Често применувам различни јазични игри и игровни активности | / | / | 5 /(17%) | 25 / (83%) |
| Добивам повратен одговор од децата | / | / | 4 /(13%) | 26 /(87%) |
| Применувам интерактивна комуникација со децата за време на слободните активности | / | / | 3 /(10%) | 27 /(90%) |
| Давам пофалби на децата за стекнатото знаење и секојдневно ги бележам промените кај децата | / | / | 4 /(13%) | 26 /(87%) |
| Имам одлична комуникација и соработка со родителите | / | / | 5 /(17%) | 25 / (83%) |
| Родителите соработуваат во подготовката на месечните и годишните планови | 4/(13%) | 8/(27%) | 10/(33%) | 8/(27%) |
| Соработувам со колегите и стручните служби во градинката и воспоставувам постојани контакти со родителите | / | / | 3 /(10%) | 27 /(90%) |
| **Вкупно набљудувани испитаници** | **30 (100%)** | | | |




**Графикон 15:** Анкетен лист за воспитувачи за согледување на квалитетот на интеракција со децата

Според графиконот 15, јасно се гледа дека поголем процент од воспитувачите се согласуваат со дадените прашања, односно 87% или 26

воспитувачи одговориле дека се согласуваат, додека четири или 13% делумно применуваат вакви форми на работа. Ист толкав процент 87% секогаш користат нагледни средства и дидактички материјали за да го привлечат вниманието на децата и одбираат примери и задачи и додатна литература која е интересна за децата, додека 4 воспитувачи или 13% повторно, делумно се согласуваат со ваквите ставови.

Од вкупниот број испитаници, 25 или 83% користат различни форми на изразување во насочените активности, додека петмина или 17% делумно го поддржуваат овој став.

Голем процент од воспитувачите 90% или 27 лица одговориле дека често применуваат различни говорни игри за развивање на изразувањето кај децата, додека само 10% или 3 испитаници делумно ги применуваат овие игри.

83% или 25 воспитувачи често применуваат различни јазични игри и игровни активности, додека 17% или пет воспитувачи одговориле дека делумно применуваат вакви игри.

Повратен одговор од децата често добиваат 26 или 87% од воспитувачите, додека 13% или 4 испитаници делумно потврдуваат дека секогаш добиваат фидбек од децата.

Интерактивна комуникација со децата за време на слободните активности применуваат 90% или 27 воспитувачи, додека 10% или три лица делумно применуваат ваква комуникација.

Одлична комуникација и соработка со родителите имаат 25 или 83% од воспитувачите, додека пет или 17% делумно се согласуваат со ова прашање, со што се потврдува хипотезата дека поголем процент од воспитувачите остваруваат редовни средби со родителите на децата.

Што се однесува до соработката со родителите околу подготовката на месечните и годишните планови, ставовите се најразлични. Од вкупно 30 испитаници 27% или 8 се согласуваат, додека 33% или 10 делумно се согласуваат со овој став. Исто така, 27% или 8 воспитувачи делумно не се согласуваат со ваквиот став, додека пак, 13% или 4 не се согласуваат дека

родителите се заинтересирани да учествуваат во изработката на месечните и годишните планови.

Одлична соработка со колегите, стручните служби и родителите имаат 90% или 27 воспитувачи, додека само 10% или три делумно се согласуваат со ваквиот став.

Спроведеното истражување ја потврди главната хипотеза дека квалитетот на интеракција меѓу субјектите во детските градинки за време на различни активности од различни програмски подрачја е на задоволително ниво. Поголем процент од воспитувачите имаат добра соработка, комуникација и интеракција со децата.

Исто така, воспитувачите применуваат различни видови интеракција со децата и користат различни интерактивни игри, додека родителите се делумно вклучени во активностите на градинката и делумно се информирани за квалитетот на интеракција помеѓу воспитувачот и нивното дете.

Според набљудувањето, може да се забележи дека квалитетот на интеракцијата меѓу субјектите понекогаш зависи и од работното искуство на воспитувачот, од условите за работа со кои располагаат воспитувачите, материјалите и средствата кои ги применува во интеракцијата со децата, како и од вклученоста на родителот во интеракцијата со воспитувачот и со детето. Тоа би значело дека воспитувачите и групите кои располагаат со повеќе нагледни средства или материјали за работа нормално е дека остваруваат поголем ефект во спроведените активности во смисла дека се привлекува интересот кај деца, се поттикнува соработката и на тој начин интеракцијата е поквалитетна.

Истражувањето покажа дека воспитувачите покрај факултетски степен за предучилишно образование, често пати посетуваат обуки за стручно усовршување во областа во која работат.

Според извршеното набљудување и од спроведениот неформален разговор со испитаниците, може да се забележи дека воспитувачите повеќе иницираат интеракции за разлика од децата и тие најчесто се однесуваат на извршување конкретна задача за време на насочена активност, или пак, за воведување дисциплина за време на слободните активности.

Во интеракцијата воспитувачот се спушта на нивото на детето и воспоставува интеракција лице во лице, користи едноставен јазик, го следи детскиот интерес за време на игрите, им помага на децата да ги разберат очекувањата за време на активностите во занималната.

Накратко, според извршената анкета во ова истражување сите испитаници се согласуваат дека имаат одлична комуникација и соработка со децата, дека редовно проверуваат дали децата ги разбрале поставените прашања и упатства, дека настојуваат јасно и правилно да се изразуваат за време на активностите, ги поттикнуваат децата да поставуваат прашања и даваат додатни објаснувања по нивно барање, ги поттикнуваат децата самостојно да извршуваат одредени задачи, ги поттикнуваат децата да размислуваат и ја поттикнуваат нивната мотивација, континуирано го набљудуваат и го бележат напредувањето на децата, ги поттикнуваат на правилен граматички говор и правилно јасно поврзување на речениците во нивното изразување, преку најразлични активности ја развиваат љубовта на децата кон книгата, читањето, творештвото.

Исто така, воспитувачите посочуваат дека редовно ги известуваат родителите за промените во однесувањето на нивните деца, ги бележат воспитните планови кои од одредени причини не се оствариле, настојуваат да ја исполнат поставената задача и цел за време на насочените активности и сметаат дека постигнатите знаења на децата се резултат на нивната работа и залагање.

## 3.4. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СПРОВЕДЕНАТА АНКЕТА НА РОДИТЕЛИТЕ

**Табела 3:** Анкетен лист за родители со ставови во однос на квалитетот на интеракцијата со воспитувачите

| СТАВОВИ | ОДГОВОР | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Секојдневно комуницирам со воспитувачот на моето дете | / | 8% | 12% | 75% |
| Моето дете ги слуша и ги следи упатствата на учителката | / | / | 25% | 75% |
| Неговата работа е уредна и како што треба | / | 5% | 20% | 75% |
| Ги завршува активностите навреме | / | / | 25% | 75% |
| Мирен е и внимателно ги следи активностите | / | / | 25% | 15% |
| Јасно ги опишува игрите во кои учествувал во градинката | 5% | 5% | 47% | 43% |
| Соработува со другарчињата | / | / | 20% | 80% |
| Сака самостојно да ги извршува зададените задачи и активности | / | / | 23% | 77% |
| Има 2-3 другарчиња со кои постојано игра | / | 5% | 17% | 78% |
| Успешно се вклучува во тимска работа | / | 5% | 17% | 78% |
| Ги сака креативните игри (погодување, фантазирање, визуелно комбинирање, драматизација, куклен театар) | / | 8% | 17% | 75% |
| Културно разговара и јасно се изразува | / | 5% | 15% | 42% |
| Сака да му се читаат приказни, сликовници | / | 5% | 8% | 52% |
| Сака да рецитира, да раскажува, да пее | / | / | 22% | 78% |
| Учествува во комуникација со учителката | / | 5% | 42% | 53% |
| Ги прераскажува дома настаните што се случиле во градинка | 5% | 5% | 15% | 75% |
| Ги прераскажува приказните и текстовите што ги научил во градинка | 5% | 5% | 42% | 48% |
| Ги презентира, демонстрира и објаснува дома научените работи во градинка (рецитирање, пеење песнички, броење.....) | 8% | 8% | 34% | 50% |
| Свесен е за грешките што ги направил и се труди да ги исправи | / | 10% | 37% | 53% |
| Ја сака својата учителка | / | 5% | 17% | 78% |
| Сака да оди во градинка | / | 5% | 17% | 78% |
| Задоволен сум од работата на воспитувачот | 5% | 5% | 23% | 67% |
| **Вкупно анкетирани испитаници** | **60 (100%)** | | | |




**Графикон 16:** Анкетен лист за родители за согледување на квалитетот на интеракција со децата и воспитувачите

Според графиконот 16, кој ја покажува интеракцијата помеѓу родителите, нивните деца и воспитувачите се забележува дека поголем процент се согласуваат со понудените ставови, односно покажуваат

вклученост и заинтересираност за работата на градинката во која оди нивното дете.

Од вкупно 60 родители кои учествуваа во анкетирањето, 75% или 45 родители секојдневно комуницираат со воспитувачот, 12% или 7 родители одговориле дека делумно остваруваат секојдневна комуникација, додека пак, 8% или 5 родители делумно не се согласуваат со ваквиот став.

Информирани дека неговото дете ги слуша и ги следи упатствата на учителката, ги завршува активностите навреме и дека е мирен и внимателно ги следи активностите се 45 или 75% од родителите, додека 15 или 25% родители делумно се согласуваат со овие ставови.

Исто така, 45 родители или 75% знаат дека работата на нивното дете е уредна и како што треба, 20% или 12 родители делумно се согласуваат со ова тврдење, додека 5% или 3 родители одговориле дека не се потполно сигурни како нивното дете ја извршува работата во градинка.

Помал дел од родителите поточно 26 или 43% остваруваат интеракција со своето дете кога тоа јасно ги опишува игрите во кои учествувало во градинката, додека 28 или 47% делумно го потврдуваат овој став. Помал процент 5% или по тројца родители делумно не се согласуваат и исто толку воопшто не се согласуваат, односно немаат сознание дали нивното дете јасно ги опишува игрите во кои учествува во градинката.

На прашањето дека нивното дете соработува со другарчињата одговориле 80% или 48 испитаници, додека останатите 20% или 12 родители делумно се согласуваат со ваквиот став.

Со ставот дека нивото дете самостојно ги извршува зададените задачи и активности се согласуваат 46 родители или 77%, додека останатите 14 или 23% делумно се согласуваат.

Од вкупниот број испитаници, 5% или 3 родители делумно не се согласуваат со исказот, односно немаат сознание дека нивното дете има 2-3 другарчиња со кои постојано игра, како и дали успешно се вклучува во тимска работа. Дел од родителите односно 17% (или 10 родители) делумно се согласуваат со овој став, додека останатите 47 родители или 78% целосно

се запознаени со социјализацијата на детето и целосно се согласуваат со ваквите ставови.

Со ставот дека нивното дете ги сака креативните игри одговориле 75% или 45 родители, 10 или 17% делумно се согласуваат, додека останатите 8% или пет делумно не се согласуваат со ваквиот став.

На прашањето дека нивното дете културно разговара и јасно се изразува целосно се согласуваат 42% или 42 родители, 15% или 5 родители делумно се согласуваат, додека три или 5% делумно не се согласуваат.

Многу поголем број родители, односно 52% или 52 испитаници целосно се согласуваат дека нивното дете сака да му се читаат приказни и сликовници, 15% делумно се согласуваат, додека три или 5% делумно не се согласуваат со овој став.

Во градинката детето сака да рецитира, да раскажува и да пее потврдиле и целосно се согласуваат 78% или 47 родители, додека 22% или 13 родители делумно се согласуваат.

Нивно дете учествува во комуникацијата со учителката се согласуваат 53% или 32 родители, 25 или 42% делумно се согласуваат, додека пак 5% или три родители делумно не се согласуваат со ова прашање.

Целосна согласност дека нивното дете дома ги прераскажува настаните што му се случиле во градинката дале 75% или 45 испитаници, 9 или 15% делумно се согласуваат, додека по 3 испитаници или по 5% не се согласуваат или делумно не се согласуваат со ваквиот став.

Што се однесува, пак, до прераскажувањето на приказните и текстовите што детето ги научило во градинка целосно се согласуваат 48% или 29 родители, 42% или 25 делумно се согласуваат, додека пак, по 5% или по 3 испитаници делумно или воопшто не се согласуваат со ваквиот став.

Исто така, дека детето ги презентира, демонстрира и објаснува дома научените работи во градинка се согласуваат 50% или 30 испитаници, 34% или 20 делумно се согласуваат, додека по 8% или по 5 родители не се согласуваат или делумно не се согласуваат со ова прашање.

Дел од родителите, односно 53% или 32 родители се согласуваат дека нивното дете е свесно за грешките што ги направило и се труди да ги исправи, 37% или 22 испитаници делумно се согласуваат, додека шест или 10% делумно не се согласуваат дека нивното дете е свесно за направените грешки.

На прашањата дека детето ја сака својата учителка и дека сака да оди во градинка одговориле 78% или 47 испитаници, 17% или 10 родители делумно се согласуваат, додека 5% или тројца родители одговориле дека делумно се согласуваат со овие прашања.

На последното прашање, односно задоволни од работата на воспитувачот се 67% или 40 испитаници од вкупно 60, додека 23% или 14 делумно се согласуваат, а пак, по 5% или по 3 испитаници делумно не се задоволни или воопшто не се задоволни од работата на воспитувачите.

Според графиконот 16, може да се забележи дека родителите се делумно информирани или не се целосно заинтересирани за квалитетот на интеракцијата помеѓу воспитувачот и нивното дете. На тој начин, со истражувањето се потврди една од независните варијабли, а тоа е делумната вклученост на родителот во интеракцијата со воспитувачот и со децата. Тоа значи дека поголем дел од родителите се запознаени со работата и со активностите кои се реализираат во градинката, со активностите кои ги извршуваат децата и воспитувачите, но поретко се вклучуваат во активностите на градинката.

Најчесто вината повеќе лежи во самите родители, кои како причина за делумната информираност го посочуваат недостигот на слободно време за остварување контакт со градинката и вклучување во активностите.

**Табела 4:** Анкетен лист за родители во однос на присуството на родителите на активности

| ПРАШАЊЕ 1 | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Дали сте присуствувале на одредена насочена активност? | 44 /(73%) | 16 /(27%) |
| **Вкупно анкетирани испитаници** | **60 (100%)** | |




**Графикон 17:** Присуство на родителите во активностите на градинката

Според графиконот 17, се гледа дека 73% или 44 родители присуствувале на одредена насочена активност, додека 27% или 16 родители не присуствувале на некоја ваква активност. Како причина поради која родителите не присуствуваат на активностите во градинката најчесто се наведува недостигот на слободно време.

**Табела 5:** Анкетен лист за родители во однос на запознаеноста на родителите со активностите

| ПРАШАЊЕ 2 | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Дали сте запознаени со некои насочени или слободни активности и задачи? | 46 /(77%) | 14 /(23%) |
| **Вкупно анкетирани испитаници** | **60 (100%)** | |




**Графикон 18:** Запознаеност на родителите со активности

Во врска со запознаеност на родителите со некои насочени или слободни активности и задачи, 77% или 46 родители потврдиле дека имаат увид што работи и што учи нивното дете додека, 23% или 14 родители воопшто не се запознаени со вакви активности.

**Табела 6:** Анкетен лист за родители во однос на доброволното вклучување во активности

| ПРАШАЊЕ 3 | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Дали доброволно сте се вклучиле или сте волонтирале во градинката/групата за време на одредена задача? | 46 /(77%) | 14 /(23%) |
| **Вкупно анкетирани испитаници** | **60 (100%)** | |




**Графикон 19:** Доброволно вклучување на родителите во активности

Од вкупно 60 испитаници, 67% или 40 родители оствариле доброволно вклучување или волонтирале во градинката за време на одредена активност, додека 33% или 20 родители не учествувале во некоја активност. Покрај главната причина недостиг од слободно време, дел од родителите сметаат дека не треба да се мешаат во активностите или задачите кои ги извршува нивното дете бидејќи поради необјективност и пристрасност може да му дадат погрешна насока или критика во извршувањето на задачата.

Резултатите ја потврдуваат хипотезата дека родителите се делумно вклучени во активностите на градинката, односно 60% оствариле доброволно вклучување во одредена активност во градинката.

**Табела 7:** Анкетен лист за родители во однос на задоволството од интеракцијата во групата

| ПРАШАЊЕ 4 | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Дали сте задоволни од интеракцијата меѓу воспитувачот и децата во групата на вашето дете? | 48 /(80%) | 12 /(20%) |
| **Вкупно анкетирани испитаници** | **60 (100%)** | |




**Графикон 20:** Задоволството на родителите од интеракцијата во групата

Според графиконот 20 може да се забележи дека поголем број од испитаниците, поточно 80% или 48 родители се задоволни од интеракцијата меѓу воспитувачот и децата во групата каде што е нивното дете, додека 20% или 12 родители не се задоволни од воспоставената интеракција.

Резултатите ја потврдуваат хипотезата дека родителите се делумно, односно поголем процент (80%) се информирани за квалитетот на интеракција помеѓу воспитувачот и нивното дете.

**Табела 8:** Анкетен лист за родители во однос на желбата за присуство на активност во градинката

| ПРАШАЊЕ 5 | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Дали би сакале да присуствувате/следите некоја активност во градинката? | 50 /(83%) | 10 /(17%) |
| **Вкупно анкетирани испитаници** | **60 (100%)** | |




**Графикон 21:** Желба на родителите за присуство или следење на некоја активност во градинката

Од графиконот може да се забележи дека голем процент од испитаниците, 83% или 50 родители имаат желба и се подготвени да присуствуваат или да следат некоја активност во градинката, додека мал процент 17% или 10 родители не би сакале да следат некаква активност во градинката.

Од спроведениот неформален разговор со родителите може да се забележи дека тие се запознаени со воспитно - образовниот процес, со промените кои се воведуваат во градинките, знаат какви проекти се реализираат итн. Исто така, тие се информирани дека градинките акцентот го ставаат на когнитивниот и социјалниот развој на децата, дека нивните деца се вклучени во групни и индивидуални активности, начинот на кој се изведуваат активностите итн.

Инаку, испитувачите од кои повеќето се жени, се на возраст од 30 до 41 година, со соодветно образование, што значи повеќе од нив имаат или 80% имаат висока стручна спрема, а само 10% се со средна стручна спрема, додека пак, 5% се магистри и 5% доктори на наука.

## 3.5. ПРИДОБИВКИ КОИ ГИ ДАВА КВАЛИТЕТНАТА ИНТЕРАКЦИЈА МЕЃУ УЧЕСНИЦИТЕ ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

Квалитетната интеракција меѓу субјектите во градинката овозможува навремена информираност на родителите за работата и активностите на воспитувачот и нивното дете.

Интеракцијата овозможува навремено да се согледаат состојбите и проблемите на децата, се овозможува соработка со други институции, со околната средина и се придонесува кон поквалитетно организирање на воспитно - образовниот процес. Континуираната соработка што се остварува преку средбите придонесува да се изгради квалитетна интеракција меѓу родителите, воспитувачите и децата, но и да се согледаат постигнатите резултати од севкупната работа на децата, како и за навремено воочување на тешкотиите во учењето кај некои од нив.

Интеракцијата меѓу субјектите овозможува поквалитетна подготовка на програмите, подобра организација на заеднички активности и работилници, се овозможува правилен и здрав психофизички раст и развој, како и се зајакнува чувството на сигурност и самодоверба кај децата[57]. Квалитетната интеракција во градинката им помага и на родителите, и на воспитувачите да ги разберат специфичните карактеристики на предучилишните програми кои директно го поддржуваат детскиот јазичен и социјален развој.

Континуитетот и складноста во комуникацијата и интеракцијата помеѓу родителите и воспитувачите го стимулира детскиот развој, при што се овозможува емоционална поврзаност со децата, се збогатуваат неговите особености и што е најважно, се придонесува децата да се чувствуваат прифатено и сакано.[58]

---

[57]http://www.dvck.hr/index.php?option=com_content&view=article&id=95&Itemid=198

[58] Детскиот Развој, во бројот Мај/Јуни 2008.

Квалитетната комуникација во градинката влијае долгорочно, поточно се манифестира и врз однесувањето на децата во подоцнежните години од животот, овозможува поголеми успеси на децата во основното училиште.[59]

Позитивната интеракција меѓу субјектите во градинките има една главна цел, а тоа е насочување кон подобро разбирање на раните интеракции воспитувач – дете во градинките.[60]

Тимската соработка во работата со децата придонесува кон продлабочување на активностите, поквалитетно згрижување, воспитување и образование, како и создавање стимулативни услови за развој на детето и развивање на неговите позитивни страни и творечки потенцијали.[61]

Преку квалитетната интеракција децата учат како да ги разменат стекнатите знаења и информации, да разменуваат емоции, да изградат морал и чесност, да ги прифаќаат различностите, се учат на толеранција, перзистенција, истрајност, социјализација, чувство за припадност итн.

Ако социјалната интеракција е нездрава и ако во потесната околина се развиваат бариери за здрав емоционален развој на поединецот, тогаш социјализацијата на единката се сведува на затвореност, одвоеност, па дури и агресија што води кон полесно остварување конфликти кои подоцна би можеле и потешко да се разрешат.

---

[59] интеракции воспитувач-дете во градинка во србија, јелена спасојевиќ,

[60] Preschool Its Benefits, and Who Should Teach

[61] www.ncedl.org

## 4. ЗАКЛУЧОК

Во интерактивната релација воспитувач – дете, воспитувачот е оној кој треба да создаде слободна атмосфера во групата каде што детето ќе се чувствува релаксирано и смирено, затоа што преку позитивното чувство ќе ги прифати ставовите кои се пренесуваат и ќе ги вгради во својот состав на вредности.[62]

Квалитетната интеракција се базира на интерактивниот модел воспитувач - дете - цел кој дозволува воспитувачот од својата висока положба да со повлече во позадина и да овозможи да дојде до израз самостојноста на детето. Воспитувачот е централната личност, но со работата на децата и делејќи го со нив новото градиво што се учи, врши позитивни воспитни влијанија кај децата. На тој начин се руши оградата меѓу воспитувачот и децата, се отфрла традиционалниот фронт меѓу нив и се воспоставува меѓусебен пријателски однос и заемна помош.

Во современата воспитна практика детето се третира како субјект и партнер кој слободно може да ги искаже своите барања и потреби. Ваквиот воспитен процес дозволува воспитувачот да се стави во позиција на дете или ученик кој постојано ги открива квалитетните аспекти на воспитно - образовниот процес.

Интеракцијата помеѓу воспитувачот и децата започнува со меѓусебната ***интерперсонална комуникација, односно интерактивната комуникација.*** Интерактивната комуникација се развива лице в лице во различни помали системи како што се семејството, градинката, училиштето или некои други социјални групи и токму поради тоа е најпогодна во реализацијата на современиот воспитно - образовен процес[63].

**Квалитетот на интеракцијата најинтензивно се развива во предучилишниот период преку секојдневната интеракција и**

[62] PreschoolCriteria2000Supplement

[63] Татјана Котева- Мојсовска, 2009, *Педагошка комуникација,* Скопје – авторизирана интерна скрипта од предавања

**комуникација помеѓу децата и воспитувачот, како и помеѓу самите деца, а се усовршува цел живот.**

Оттука, ***интеракцијата се одвива во неколку насоки*:** помеѓу воспитувачот и детето, меѓу децата, помеѓу воспитувачите, додека во однос на соработката и отвореноста може да се одвива помеѓу воспитувачот и родителот, помеѓу родителите, родителот и детето итн.

Социјалната интеракција, денеска, повеќе се однесува на комуникација во потесниот семеен круг или раздвоени контакти во потесното семејство. Градинката во овој дел се јавува како незаменлив надомест, но во никој случај не е потполна замена за слободната врсничка интеракција меѓу децата. Исто така, поради големата зависност од телевизијата, компјутерите и интернетот, во семејството денес владеат нови односи, така што сè повеќе се осиромашува внатрешната интеракција помеѓу родителите и децата. Предучилишните установи во овој дел можат делумно да влијаат, но факт е дека ниту семејната интеракција не може да се надомести со врсничката, или обратно. ***Единствено балансираниот однос помеѓу семејната, врсничката и воспитната интеракција може да ја даде потребната основа за здрав и квалитетен развој на детето***.

Затоа, еден од значајните фактори за правилен развој на децата и еден од основните услови за правилно одгледување и воспитување на детето е токму **соработката помеѓу родителите и воспитувачите или соработката помеѓу семејството и градинката**. Најчести облици на соработка меѓу овие субјекти се непосредната комуникација, пишаната комуникација, учеството на родителите во работата на децата, отворен ден за родителите, креативни работилници, родителски состаноци, совет на родители итн.

Од спроведеното истражување може да се заклучи дека **родителите се делумно информирани или не се целосно заинтересирани за квалитетот на интеракција** помеѓу воспитувачот и нивното дете. На тој начин, се потврди една од независните варијабли - делумната в**клученост на родителот** во интеракцијата со воспитувачот и со децата. Тоа значи дека поголем дел од родителите се запознаени со работата и со активностите кои

се реализираат во градинката, со активностите кои ги извршуваат децата и воспитувачите, промените кои се воведуваат, но поретко се вклучуваат во активностите на градинката.

Од вкупно 60 испитаници, 67% (40) родители оствариле доброволно вклучување или волонтирале во градинката за време на одредена активност, додека 33% (20) од родителите не учествувале во некоја активност. Како главни причини за слабата вклученост на родителите во активностите на градинката го посочуваат недостигот од слободно време, а дел од родителите сметаат дека всушност и не треба да се мешаат во активностите или задачите кои ги извршува нивното дете бидејќи поради необјективност и пристрасност може да му дадат погрешна насока или критика во извршувањето на задачата.

Што се однесува до интеракцијата помеѓу воспитувачите и децата, воспитувачите се согласни дека имаат одлична комуникација и соработка со децата, редовно проверуваат дали децата ги разбрале поставените прашања и упатства, настојуваат јасно и правилно да се изразуваат за време на активностите, ги поттикнуваат децата да поставуваат прашања и даваат дополнителни објаснувања по нивно барање, ги поттикнуваат децата да размислуваат, го следат напредувањето на децата итн.

Исто така, воспитувачите посочуваат дека редовно ги известуваат родителите за промените во однесувањето на нивните деца, ги бележат воспитните планови кои од одредени причини не се оствариле, настојуваат да ја исполнат поставената задача и цел за време на насочените активности и сметаат дека постигнатите знаења на децата се резултат на нивната работа и залагање.

За подобар квалитет на интеракцијата меѓу воспитувачите и децата секако придонесува и способноста, стручноста и подготвеноста на воспитувачот за постојана работа со децата.

Според извршеното набљудување, како една забелешка може да се посочи дека интеракциите меѓу родителот и детето или воспитувачот и детето како партнери во интеракцијата не се еднакви. Со оглед на незрелоста на детето, обично возрасниот е тој што ја започнува

интеракцијата. Воспитувачите иницираат повеќе интеракции за разлика од децата, додека комуникациите иницирани од воспитувачите најчесто се однесуваат за извршување конкретна задача за време на насочена активност, но и за воведување дисциплина за време на слободните активности. Кај децата, пак, интеракциите најчесто се однесуваат на поткажувањето за време на слободните и насочени активности.

Од друга страна, **интеракцијата меѓу врсниците поточно меѓу самите деца** придонесува да се поттикне детскиот игровен и творечки потенцијал, да се развие чувство за сопствените вредности и личниот успех. Позитивните резултати кои произлегуваат од врсничката интеракција се висок степен на мотивација за игра кај децата, интерес кај родителите за учество во игровни активности, поттикнување на истражувачкиот дух, зголемување на интересот за интелектуални активности и сл.[64]

Во овој контекст, како интересна забелешка може да се посочи дека за време на игрите децата се делат меѓусебно врз основ на половата припадност, поточно на машки и женски. Најчесто за време на активности, особено во слободните активности децата се делат меѓу машки и женски, па дури и најдоброто другарче е од ист пол. Иако во повеќе случаи воспитувачите настојуваат особено за време на насочените активности да преовладува мешовит полов состав на групите, сепак, интеракцијата помеѓу момчињата или само помеѓу девојчињата е многу поголема отколку интеракцијата помеѓу момчињата и девојчињата. Значи, одвоената интеракција е најзабележлива во слободните активности, додека мешовитата за време на насочените активности каде што постои насочување и нејзино воведување од страна на воспитувачот.

Тука може да се надополнат и интерперсоналните односи меѓу членовите во групата како составен дел од интерактивниот однос меѓу децата. Овие односи се карактеризираат со наклонетост и ненаклонетост кон одредени членови во групата. Омилените деца се вешти во интеракцијата со другите деца, лесно стануваат членови на некои групи, стекнуваат

---

[64]Educating Children for Democracy, The Journal of International, Step by Step Association, No 5, 2003. My Classroom Is So Noisy! Classroom Managment in the Step by Step

пријателство, ги поддржуваат другите деца, покажуваат чувствителност за потребите и желбите на другите, вешто ги решаваат судирите, додека аутсајдерите најчесто се отфрлени поради културолошки, физички или финансиски причини. Одвоеноста од врсниците претставува длабоко непријатно искуство за децата кое негативно влијае врз нивното ментално здравје и може да предизвика несакани последици како што се депресивни расположенија и агресивност, антисоцијално и деликвентно однесување и слично.

Интеракцијата треба да се сфати како чин на соработка која треба да биде динамична, флексибилна, отворена за воспитувачот и детето, за децата кои комуницираат меѓусебно, каде што сите имаат право да донесуваат одлуки и да ги истакнуваат улогите кои можат да ги усвојат.[65]

Од сето досега изнесено, може да се заклучи дека денес, во градинките каде што се спроведе истражувањето за квалитетот на интеракција меѓу субјектите, воспитувачот и децата стануваат активни соработници во процесот на запознавање, разбирање и совладување на воспитната програма. Детето добива нова позиција во креирањето на своите знаења, станува креативен и одговорен за знаењата кои ги стекнува. Детето ги поврзува новите знаења со неговото искуство, експериментира и проверува, со што се создаваат навики за редовно истражување на секоја нова обврска што му ја наложува воспитувачот. Со тоа се врши морално воспитување и се поставуваат темелите за формирање во една хумана личност. Се буди љубов кон градинката, училиштето, книгата, се воспоставува интимен однос кон учењето, се стекнуваат позитивни особини и навики кои го чинат детето свесен субјект во воспитно - образовниот процес.[66]

Целта на воспитувачот е постигната кога детето покрај останатите активности, темелно ќе го совлада градивото пропишано според воспитната програма и кога солидно ќе ги изврши сите задачи кои му биле поставени.

---

[65] Дамовска, А. Л. (1995), Играта и нејзиното организирање во предучилишните установи, Скопје: Догер

[66] Методика по развој и култура на говорот, Интерна студиско-наставна материја, проф д-р Мито Спасовски, Педагошки факултет, „Св. Климент Охридски" – Скопје, (2008) Скопје

Ваквата констатација илустративно може да се претстави преку интеракциската релација ***воспитувач – дете – родител – цел,*** каде што во основата се наоѓа детето, на врвот е целта, а помеѓу нив се интерактивниот однос помеѓу воспитувачот, родителот.

**Слика 1:** Интеракциска релација: воспитувач – дете – родител – цел




Детето преку својата сопствена активност и интеракција со останатите деца и воспитувачот, поттикнат е да мисли, да учи, да комуницира, да замислува, визуализира, истражува, ги изразува и претставува своите мисли, идеи, чувства, иницира, позитивно реагира на секој поттик, ја следи својата работа и работата на другите. Има желба за учење, интерес за стекнување нови знаења. Додека, воспитувачот се фокусира на создавање услови за учење врз основа на искуството на децата, креира, ги води процесите кои ги поттикнуваат и мотивираат децата да ги истражуваат своите интереси, чувства и доживувања. Тој е иницијатор, аниматор, набљудувач, насочувач, критичар, соработник. Родителот, пак, разговара, соработува, се интересира, помага, ги поттикнува децата. Воспитувачот и родителот заедно се иницијатори, аниматори, набљудувачи, насочувачи, критичари, соработници.

Оттука, ништо не може да биде создадено како проблем за детето во совладувањето на некоја нова материја. *Сè што треба е воспитувачот да најде соодветен начин за презентирање на градивото и орудија преку кои ќе се вежбаат интересот и желбата за нови знаења. Кога воспитувачот*

*ќе умее да ги открие нагоните и активните навики кај децата и кога ќе умее да ги поттикне, тогаш е постигната целта.*

Сите субјекти во градинката кои го спроведуваат воспитно - образовниот процес, во своето работење потребно е заеднички да настојуваат да се оствари правилен психо - физички развој на децата и да се формираат основите за културно - хигиенски навики, да се социјализираат децата преку организирани воспитно - образовни активности, да се негува и збогатува детското творештво и нивната способност за изразување на говорот, ликовниот и музичкиот израз низ играта и другите активности. Потребно е да се стремат кон постигнување интелектуален, емоционален и социјален развој на детето, да му се овозможи да стекне основни знаења, вештини и навики. Особено значајно е кај децата да се развива свеста за општествена одговорност и активно вклучување во општествениот живот, да се градат хумани односи меѓу половите, како и правилен однос кон животната средина.

## Благодарност

На крајот, би сакала да ја изразам мојата искрена благодарност до сите оние што помогнаа во различни фази од реализацијата на мојот магистерски труд.

Пред сè, им должам благодарност на членовите на Комисијата за нивните теориски насоки во текот на подготвувањето на магистерскиот труд, како и за дадените забелешки и сугестии во текот на одбраната на трудот, кои се вградени во конечната верзија.

Посебна благодарност до мојата менторка, проф. д-р Лена Дамовска, која несебично се залагаше при изборот и дефинирањето на темата и во текот на целата подготовка на трудот, како и за отворањето нови погледи и перспективи, преку нејзините теориски совети. Најискрена благодарност за нејзината срдечност и човечност.

Би било неправедно доколку не им изразам благодарност и на сите мои колешки и колеги, пријателки и пријатели, како и претставници на образовните институции, поточно раководниот и воспитниот кадар во градинката „Срничка“, објектите „Чекорче“, „Калинка“, „Црвенкапа“, „Лале“, „Изворче“ и „Бамби“ кои овозможија беспрекорно да се реализира истражувањето преку обезбедување средби со родителите, овозможување услови за набљудување на слободни и насочени активности, обезбедување соодветна литература, размена на практични совети, а особено за пројавениот интерес преку квалитативната опсервација и долгите разговори да се кристализираат моите ставови.

Мојата голема благодарност!



## 5. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

Адамчевска, С. (1996), Активна настава, Скопје: Легис

Ангелоска-Галевска, Н. (2008), Планирање на научно истражување, Скопје: Интерен материјал за после - дипломците по педагошки науки и менаџмент во образованието

Ангелевска-Галевска, Н. (200?), Статистичка обработка на податоци од истражување

Аријес, Ф. (1989). „Векови детињства“, Београд, Завод за уџбенике и

наставна средства

Арнаудова В., Ачковска, Л. Е. (2000), Надарено дете, Скопје: Филозофски факултет

Ачовски, Д. (2002), Методика на воспитно - образовната работа по математика, Скопје: Педагошки Факултет „Св. Климент Охридски“

Баракоска, А. (2003), Педагогија на слободно време, Скопје

Георгиевски, П. (1999), Социологија на образованието, Скопје: Веда

Гојков, Г., Фербезер, И., Максиќ, С., Арнаудова, В., Кевурески, Љ., Надарените и талентираните креатори на прогресот, Битола: Педагошки факултет

Годишна програма на работа на ЈДГОА „Срничка“, (2009/2010), Скопје: Општина Аеродром

Дамовска, Л., Шеху, Ф., Јанева, Н., Плачевска, С. “и др.“ (2009), Стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години, Скопје: Министерство за труд и социјална политика

Дамовска, А. Л. (1995), Играта и нејзиното организирање во предучилишните установи, Скопје: Догер

Илиевски, З., Конески, Д. (2004), Дијалог со младите, Прилеп: Аце Тони

Извештај за процесот на апликација на мониторинг системот, (2009), Партнерство за заштита на детските права - Регионалната развојна агенција на Пелагонија – ПРЕДА

Камчевска, Б. (1997), Предучилишното воспитание и образование како отворен систем, Скопје: Графо БС

Керамичиева, Р. (1996), Психологија во образованието и воспитанието, Скопје: Просветно дело

Киранџиска, С., Burke-Walsh, К., Лазаревски-Ѓорѓиева, Т. (2009), Создавање средина на учење за 21-от век, УНИЦЕФ Скопје: Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски"

Конвенција за права на детето

Котева, Т. (1996), Детето - рамноправен партнер и субјект во воспитанието и образованието, Битола: Гоцмар

Котева-Мојсовска, Т. (2006), Семејното воспитание и социјалното однесување на децата, Скопје: Академски печат

Котева-Мојсовска, Т. (2009), Педагошка комуникација, Скопје: Авторизирана интерна скрипта од предавања

Министерство за образование, (1999), Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност во основното училиште и на работата на стручните работници, Скопје

Министерство за образование и наука, (2009), Проект за основно образование - Настава и учење на 21-от век - Прирачник за наставниците во основното образование, УСАИД

Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието (2007), Концепција за развој на деветгодишно основно воспитание и образование, Скопје

Мојсовска, Т. К. (2009), Методика на воспитна работа, авторизирана интерна скрипта од предавања

Национална програма за развој на образованието во Р. Македонија, (2005-2015), Нацрт-програма за развој на предучилишното воспитание и образование

Национална стратегија за превенција на малолетничко престапништво во Република Македонија (2010– 2020 година), Државен совет за превенција на малолетничко престапништво

Никодиновска, Б. С. (2008), Професионалните компетенции на наставниците, Скопје: Академски печат

Николоска, М. (2002), Развојна психологија (детство), Скопје

Николовски, Ј. А. (1974), Методика на воспитно образовна работа по култура на говорот со предучилишните деца, Скопје: Наша книга

Ордев, Д. (2002), Основи на наставата по ликовно, Скопје: Педагошки факултет,

Педагошки стандарди Компетентни учители 21 век - Дефиниција за квалитетна педагошка пракса, ФОКИМ „Чекор по чекор“: Учиме и растеме заедно

Петров, Н., (1987), Детето во природата, Скопје: Детска радост

Петров, Н., Михаловски, В. (1996), Методика по развој и култура на говорот, Битола: Биангл

Пецаковска, С., Лазаревска, С. (2009), Долг е патот до општество базирано на знаење, - Македонското образование во светло на реперите и индикаторите за „Образование и обука 2010“, Програма за работа на Европската комисија, Скопје

Попова-Коскарова, Р. (2004), Вовед во педагогијата, Скопје: Јофи-скен

Попова-Коскарова, Р. (2009), Историја на педагошките идеи, (авторизирана скрипта на предавања со практикум), Скопје

Правилник за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на детска градинка, Законот за заштита на децата, Службен весник на Република Македонија

Прирачник за воспитувачите, (1991), Канада

Програма за работа на ЈУДГ „Буба Мара“, (2009/2010), Скопје: Општина Аеродром

Проект за модернизација на образованието – Извештај за напредокот на проектот, (2005), МОН

Реџепи, Л., Камберски, К., Јаневски, В., Ристевски, К., Сулејмани, Н., Гошев, К. (2007) Национална програма за развој на образованието во Република Македонија (2005-2015), Скопје

Ристевска, С., Горѓиевска, Г. (2004), Прирачник за родители на ученици од основното образование, Скопје: Винсент графика

Сузић, Н. (1998), Како мотивисати ученике, Српско Сарајево: Завод за уџбенике и наставна средства

Спасевски, М. (2008), Методика по развој и култура на говорот, Скопје: Интерна студиско наставна материја на Педагошкиот факултет во Скопје

Спасевски, М. (2006), Литература за деца со практикум, Скопје: Студентски збор

Спасеноска, М. Е., Нашоковска, М., Глигорова, А. Т. (2012), Анализа на спроведувањето на детските права во Република Македонија, Скопје: Коалиција на младински организации СЕГА

Спенс, К. (2008), Децата во ПЈР Македонија – Анализа на состојбата, УНИЦЕФ

Тимовски, В. (1998), Диркемовото сваќање за образованието и воспитанието, Скопје: Годишен зборник бр.1, 1998.

Тимовски, В. (2000), Социологија наобразованието,Скопје

Тимска работа - интерен материјал за студентите на Педагошки факултет, Скопје

Томановиќ, С. (2004). „Социологија детињства", Београд, Завод за

уџбенике и наставна средства

Удружење васпитача Београда, (2007), Истраживачки дани васпитача, Београд

Фрил, Џ., Фрил, Л. (1999), 7 највечих грешка у одгоју дјеце, Сплит: Слободна Далмација

Циндриќ, М., Домовиќ, В., Матијевиќ, М. (2008), Педагогија и образовно општество 1 и 2, Задар: Втора интернационална конференција и систематски истражувања

Ширли, М., Петроска-Бешка, В., Кадриу, З., "и др." (2007), Училиште по мерка на детето, Скопје: УНИЦЕФ

Abrahamsson, E., Ekström, C. (2004), Doing Gender in Pre Schools, Swedish: Lund University

Activity village publications, Keeping kids busy

Bender, Y. (2004), The new teacher's handbook practical strategies & techniques for success in the classroom from kindergarten through high school, United States: Nomad press

Berkenkamp L. (2000), Obiteljske prepirke

Bertrand, J. (2007), Centre of Excellence for Early Childhood Development, Toronto: Encyclopedia on Early Childhood Development

Blake, S., Satomi, I. T. (2010), Technology for Early Childhood Education and Socialization: Developmental Applications and Methodologies, University of Memphis, USA: Hershey New York

Buchanan, M., Cooney, M. (2002), Play at home, Play in the Classroom, University of Wyoming: The Journal of Educating Children for Democracy

Brookfield, S. (2005), Discussion as a Way of Teaching: Tools and Techniques for Democratic Classrooms, 2nd Edition, Abingdon: Routledge

Brookfield, S.D. (2006), The Skillful Teacher, San Francisco: Jossey-Bass

Chemina, R. (2008), Every Child Matters: A Practical Guide for Teaching Assistant, Abingdon: Routledge

Chemina, R. (2008), Every Child Matters, A Practical Guide for Teaching Assistants, New York: Routledge

Cindrić, M., Domović, P., Matijević, M. (2008), Collected Papers of 2nd Scientific research symposium: Pedagogy and the Knowledge Society, Volume 1 and 2, Croatia: Zadar

Comprehensive Curriculum & Assessment Approval List, (2004), Early education approved comprehensive curricula and assessment children ages 3-5, West Virginia

Davis, G. B. (2009), Tools for Teaching, San Francisco: Jossey-Bass

Dr. Forward, S., Buck, C. (2002), OTROVNI RODITELJI, Zagreb: Nova Promocija

Early education epproved eomprehensive eurricula and essessment ehildren eges 3-5, West Virginia

FPG Child Development Institute. (2005), The Carolina Abecedarian Project,

Gray, E., Evans, B., Teacher`s book, Express publishing

Haddal, L. (1999), Child Care Information Center-Infant and Toddler Care, Wisconsin: Department of Workforce Development

Hansen, K., Kaufmann, R., Burke-Walsh, K. Kreiranje vaspitno-obrazovnog procesa u kome dete ima centralnu ulogu – uzrast od 3 do 6 godina

Howes, C., Bryant, D., Burchinal, M., Clifford, R., Early, D., Pianta, R., Barbarin, O., Ritchie, S., Preschool: Its Benefits, and Who Should Teach, National Center for Early Development and Learning

Johnson, J. E., James, F. C., Yawkey, T. D., (1999), Play and early childhood development, USA: Addison Wesley Longman, Inc.

Juul, J. (1995), Vase kompetentno dijete, Zagreb: EDUCA

Kamenov, E. (1999), *Predškolska pedagogija* I i II, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd

Kindergarten, School district of Hillsborough eounty eivision of instruction, elementary education handbook

Mirjana Pesic, M., Markovic, M., Maksimovic, I., Zindovic-Vukadinovic, G., Koruga, D. (2000), Pre-school education in federal republic of Yugoslavia, Beograd

Mashburn, J. A., Pianta, C. P., Opportunity in Early Education: Improving Teacher-Child Interactions and Child Outcomes, University of Virginia: Center for Advanced Study of Teaching and Learning

National Association for the Education of Young Children, (2005), Position statements of NAEYC

Naučni skup sa međunarodnim učešćem, (2006), Saradnja škole i porodice - pedagoška istraživanja i školska praksa, Ministarstva prosvete i sporta Republike Srbije, Beograd: Studentski kulturni centar

Neil, A.S. (1960), SUMMERHILL – A Radical Aproach to Child Rearing, England: Hart

Novović, T., Vuksanović, P., Gazivoda, N., Minić, Z. (2010), Naša škola – od vrtića do znanja, Podgorica: Obod Cetinje

Ostrosky, M., Jung, E. Building positive teacher-child relationships, U.S. Department of health and human services

Petrović, M. (2009), Brak i porodica, Beograd: Metaphysica

Pilav, A., Curic, S., Avdic, D., " i dr." (2005), Preporuke o prevenciji nenamernih povredzivanja u kuchi, jaslicama I vtichu djece u dobi od 0 – 5 godina, Sarajevo: AKAZ

Ramsey, Robert D. (1994), 501 Ways to Boost Your Child's Self-esteem 1St Ed, United States of America: NTC Contemporary

Rodić, N., Zorić, J. (2006), Motivacija dece predškolskog uzrasta, Subotica: Viša škola za obrazovanje vaspitača

Snow, E. C., Hemel, B. V. Susan. (2008) Early childhood assessment Why, What and How, Washington, D.C. : The National academies press

Snunit, G., Aleksandrowicz, M. (2004), The Parent as Participant in the Child's Educational Program, The Journal of International Step by Step Association

Squibb, B., Deitz, S. Aktivnosti namenjene deci uzrasta do tri godine, Vodič za svakodnevnu upotrebu

Sula, G. (2007), My Classroom Is So Noisy!, Albanija: The Journal of Educating Children for Democracy / Classroom Managment in the Step by Step Methodology

Sullo, B. (2007), Activating the Desire to Learn, Virginia: ASCD

Supplement to WASC Self-Study Documents. (2000), Preschool Criteria for a Preschool Program

Stasy, B. B., The Journal of International - Step by Step Association, Gathering Community Stories: New Way to Involve Parents and Teachers, Educating Children for Democracy No 5, 2003.

Suzic, N. Uvod u predškolsku pedagogiju i metodiku, Banja Luka: XBS

Suzić, N., Stevic, P. (1996), Ucenje ucenja, Banja Luka: Glas Srpski

Suzic, N. (1999), Interaktivno ucenje, Banja Luka: Ministarstvo prosvjete

Suzic, N. (2003), Interaktivno ucenje 2, Banja Luka: Teacher Training Centre

Suzic, N. (2001), Interaktivno ucenje 3, Banja Luka: Teacher Training Centre

Suzic, N. (2004), Interaktivno ucenje 4, Banja Luka: Teacher Training Centre

Suzić, N. (2005), Pedagogija za XXI vijek, Banja Luka: TT-Centar

Suzić, N. (2006), Uvod u predškolsku pedagogiju i metodiku, Banja Luka: XBS

Suzić, N. (2007), Primijenjena pedagoška metodologija, Banja Luka: XBS

The California Preschool Learning Foundations. (2008), Preschool Learning Foundations Volume1, Sacramento: California Department of Education

The Oxford Thesaurus, (2011), An A-Z Dictionary of Synonyms

Tsung-Hui, T., Wei-Ying, H. (2008), Preschool Teacher-Child Verbal Interactions in Science Teaching, Southwestern University: Electronic Journal of Science Education Vol. 12, No.2 (http://ejse.southwestern.edu)

Vujaklija, M. (1980), Leksikon stranih reči i izraza (1 i 2)

Zavod za skolstvo, (2007), Program za područja aktivnosti u predškolskom vaspitanju i obrazovanju, Podgorica: Ministarstvo prosvjete i nauke

Интернет:


http://www.didakta.co.yu

http://www.dete-detetu.co.yu

http://www.tecnilab.com

http://www.encobook.co.rs/Slikovnice.htm

http://www.ipisr.org.yu

http://www.preschoolrainbow.org/book-themes.htm

http://www.childfun.com/index.php/parenting/preschool/1041-lets-read-the-benefits-of-reading-to-your-children.html

http://www.enchantedlearning.com/categories/preschool.shtml

http://childcare.about.com/?once=true&

http://www.preschooleducation.com/breview.shtml#review

www.stepbystep.org.mk

http://www.dadalos.org/mzd/Vorbilder/vorbilder/mlk/linkliste.htm

http://www.bojanijana.com.mk/

http://www.pedagog.org.yu/nastava_i_vaspitanje.php

http://www.enfant-encyclopedie.com/pages/PDF/BertrandANGxp.pdf

http://nieer.org/docs/index.php?DocID=82

http://www.ccl-cca.ca/pdfs/LessonsInLearning/Nov-08-06-Let-the-Children-Play.pdf

http://home.ubalt.edu/ntsbarsh/interactive.htm

http://www.interactiveeducation.ac.uk/

http://www.interactive-education.co.uk/

http://www.zephyrus.co.uk/

http://www.ecdip.org

http://www.pestalozzi.ch/en/home/

http://prekinders.com

http://www.childcareland.com

http://www.preschoolexpress.com

http://www.doiserbia.nbs.bg.ac.yu

http://www.ljiljanacuk.com

http://www.roda.hr


http://home.ubalt.edu/ntsbarsh/interactive.htm

http://www.interactiveeducation.ac.uk/
http://www.interactive-education.co.uk/
http://www.zephyrus.co.uk/
http://www.dep.ba/dwnld/Protuminske%20aktivnosti%2001.pdf
http://www.pedagog.org.rs/inm%20Internet%20u%20Srbiji.php
http://www.maturskiradovi.net/forum/printthread.php?tid=1612
http://www.pefja.kg.ac.rs/preuzimanje/Materijali_za_nastavu/metodika%20rada%20sa%20decom%20sa%20posebnim%20potrebama/Prvi_kolokvijum_literatura.doc
http://www.ufzg.unizg.hr/fileadmin/odgojne_znanosti/Pedagogy-Volume-1__2_.pdf
http://www.naeyc.org/ - National Association for the Education of Young Children
http://www.zerotothree.org/ - Zero to Three
http://www.aap.org/ - American Academy of Pediatrics
http://www.becomingtheparent.com/ - Becoming The Parent You Want To Be
http://www.ronaldmah.com/ - Ronald Mah
http://www.nap.edu
http://www.stokke-play-learn-eat.com/sr-rs/advisor/positive-response-and-interaction-develop-greater-cognition.aspx
http://www.suzicnenad.com/knjige.html
http://www.cip.org.yu/materijali/index.html
http://www.preschoolexpress.com
http://www.underfives.co.uk
http://www.pedagog.org.yu/
http://www.ascd.org/
http://projects.fpg.unc.edu/~abc/
http://www.naeyc.org/about/positions.asp

## 6. ПРИЛОЗИ

1. Чек листа за воспитувачи
2. Листа за набљудување
3. Анкетен лист за воспитувачи
4. Анкетен лист за родители



*„Вашите деца имаат само едно детство"*

***Канадска поговорка***

ПРИЛОГ 1

## ЧЕК ЛИСТА ЗА ВОСПИТУВАЧИ

### 1. Дали постои или не постои наведената документација

| ДОКУМЕНТАЦИЈА | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Правилник за однесување на децата и воспитувачите | | |
| Куќен ред во градинката | | |
| Правилник за награди и пофалби за децата | | |
| Евиденција за начинот на реагирање и мерки кои се преземаат за неприфатливо однесување на децата | | |
| Програма за запознавање на децата со Повелбата за детските права | | |
| Евиденција на слободните активности | | |
| Евиденција на одржани приредби, манифестации кои се одржуваат во градинката | | |
| Евиденција на емоционални, здравствени и социјални проблеми и потреби на децата заради навремено реагирање и нивно елиминирање | | |
| Евиденција на контакти со родителите | | |
| Евиденција за вклученост на родителите во активностите на градинката | | |

- Чек листата ќе придонесе во согледување на подготвеноста на воспитувачот за интеракција со децата и родителите

ПРИЛОГ 2

## ЛИСТА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ

на атмосферата во градинката/во групата (за истражувачот)

**Градинка:** ___________________________________

**Воспитувач:** _________________________________

**Возрасна група:** ______________________________

**ТОЧНО / ПРИСУТНО**

1. Не е точно / не е присутно
2. Делумно е точно / присутно
3. Точно / присутно во целост

| | | **ТВРДЕЊЕ/ИСКАЗ** | **ТОЧНО/ПРИСУТНО** | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1** | **2** | **3** |
| 1 | Изгледот на просторијата е мотивирачки | Просторот во училницата е оптимален, а мебелот е функционален | | | |
| | | Распоредот на катчињата и масичките обезбедува квалитетна комуникација помеѓу децата и активно вклучување на сите субјекти | | | |
| | | Детските играчки и материјали се достапни и се користат во секојдневната работа | | | |
| 2 | Воспитувачот обезбедува пријатна атмосфера во просторијата | Воспитувачот им се обраќа на децата со уважување | | | |
| | | Грешките на децата се знак за воспитувачот за нови објаснувања | | | |
| | | Реакциите на воспитувачот се добронамерни | | | |
| 3 | Воспитувачот поттикнува меѓусебно почитување | Воспитувачот ги охрабрува децата внимателно да се слушаат едни со други | | | |
| | | Интервенира при конфликти меѓу децата | | | |
| | | Воспитувачот е свесен за разликите на децата и инсистира на толеранција | | | |
| 4 | Воспитувачот поттикнува самодоверба кај децата | Воспитувачот посветува внимание на секое дете | | | |
| | | На позитивен начин реагира на прашањата и одговорите на децата | | | |
| | | Афирмативно им соопштува на децата што се можат да направат | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Воспитувачот ги мотивира децата да се изразуваат | Преку интерактивни игри ја развива способноста правилно изразување на мислите | | | |
| | | Ги поттикнува децата да зборуваат чисто и јасно | | | |
| | | Ги поттикнува децата да користат целосни реченици во изразувањето | | | |
| 6 | Воспитувачот ја следи работата на децата | Внимателно ги слуша децата кога зборуваат | | | |
| | | Ги поттикнува децата во слободните игри | | | |
| | | На позитивен начин реагира на нивните грешки | | | |
| 7 | Воспитувачот ја стимулира независноста кај децата | Ги поттикнува децата да работат самостојно | | | |
| | | Ги охрабрува сами да одлучуваат во изборот на задачите | | | |
| | | Ги охрабрува да го искажат своето мислење | | | |
| 8 | Воспитувачот ги поттикнува децата на соработка | Нуди задачи со вклучена соработката меѓу децата | | | |
| | | Им дава упатства на децата за меѓусебна соработка | | | |
| | | Ги охрабрува децата да ја постигнат заедничката цел | | | |
| 9 | Воспитувачот ја поттикнува индивидуалноста кај децата | Обезбедува секое дете да учествува во групна работа | | | |
| | | Обезбедува секое дете да учествува во активноста | | | |
| | | Го поттикнува секое дете да размислува | | | |
| 10 | Воспитувачот користи нагледни средства и дидактички материјали | Обезбедува реализација на активности преку нагледни средства | | | |
| | | Користи разни методи, разговара, објаснува демонстрира со помош на нагледни средства и дидактички материјал | | | |
| | | Овозможува децата да го користат дидактичкиот материја, нагледните средства, предмети | | | |

- Набљудувањето кое ќе се одвива за време на насочени активности во различни воспитно – образовни подрачја, ќе придонесе да се согледа квалитетот на интеракција помеѓу субјектите во детските градинки

## ПРИЛОГ 3

# АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА ВОСПИТУВАЧИ

Почитувани воспитувачи,

Ве молиме да одговорите на следните прашања преку кои ќе не информирате за квалитетот на интеракција со децата во вашата група.

Вашите податоци ќе бидат искористени исклучиво за целите на истражувањето.

Ви благодариме на соработката!

**I. Одберете еден од понудените одговори:**

1. **Не се согласувам**
2. **Делумно не се согласувам**
3. **Делумно се согласувам**
4. **Се согласувам**

| СТАВОВИ | ОДГОВОР | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 |
| **1. Имам одлична комуникација и соработка со децата** | | | | |
| **2. Постојано применувам разни методи и форми на работа** | | | | |
| **3. Секогаш користам бројни нагледни средства, дидактички материјали со цел да го привлечам вниманието на децата** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. Одбирам примери и задачи кои се поинтересни за децата и користам додатна литература за време на активностите | | | | |
| 5. Проверувам дали децата ги разбрале моите прашања и упатства | | | | |
| 6. Настојувам јасно и правилно да се изразувам за време на активностите | | | | |
| 7. Ги поттикнувам децата да поставуваат прашања и давам додатни објаснувања по нивно барање | | | | |
| 8. Ги поттикнувам децата самостојно да извршуваат одредени задачи | | | | |
| 9. Ги поттикнувам децата да размислуваат и ја поттикнувам нивната мотивација | | | | |
| 10. Користам различни форми на изразување во насочените активности | | | | |
| 11. Често применувам различни говорни игри за развивање на изразувањето кај децата | | | | |
| 12. Често применувам различни јазични игри и игровни активности | | | | |
| 13. Континуирано го набљудувам и го бележам напредувањето на децата | | | | |
| 14. Ги поттикнувам на правилен граматички говор и правилно јасно поврзување на речениците во нивното изразување | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. Ја развивам љубовта на децата кон книгата, читањето, творештвото | | | | |
| 16. Добивам повратен одговор од децата | | | | |
| 17. Применувам интерактивна комуникација со децата за време на слободните активности | | | | |
| 18. Давам пофалби на децата за стекнатото знаење и секојдневно ги бележам промените кај децата | | | | |
| 19. Имам одлична комуникација и соработка со родителите | | | | |
| 20. Родителите соработуваат во подготовката на месечните и годишните планови | | | | |
| 21. Редовно ги известувам родителите за помените во однесувањето на нивното дете | | | | |
| 22. Соработувам со колегите и стручните служби во градинката и воспоставувам постојани контакти со родителите | | | | |
| 23. Ги бележам воспитните планови кои од одредени причини не се оствариле | | | | |
| 24. Настојувам да ја исполнам поставената задача и цел за време на насочените активности | | | | |
| 25. Постигнатите знаења на децата се резултат на мојата работа и залагање | | | | |

## II. Генерални податоци за групата и воспитувачот

- **Генерални податоци за групата**

А. Возрасна група (години): ____________________________

Б. Број на деца во групата: ____________________________

В. Пол (број машки/женски): ___________________________

Г. Број на неделни активности од подрачјето Културата на говорот: ________________________

- **Генерални податоци за воспитувачот**

А. Возраст: __________________ В. Степен на образование: _____________________________

Б. Пол: ______________________ Г. Работно искуство: ___________________________________

## ПРИЛОГ 4

# АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА РОДИТЕЛИ

Почитувани родители,

Ве молиме да одговорите на следните прашања преку кои ќе не информирате за квалитетот на интеракција меѓу вас, воспитувачот и вашето дете.

Вашите податоци ќе бидат искористени исклучиво за целите на истражувањето.

Ви благодариме на соработката!

**I. Одберете еден од понудените одговори:**

1. **Не се согласувам**
2. **Делумно не се согласувам**
3. **Делумно се согласувам**
4. **Се согласувам**

| СТАВОВИ | ОДГОВОР | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1. Секојдневно комуницирам со воспитувачот на моето дете | | | | |
| 2. Моето дете ги слуша и ги следи упатствата на учителката | | | | |
| 3. Неговата работа е уредна и како што треба | | | | |
| 4. Ги завршува активностите навреме | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. Мирен е и внимателно ги следи активностите | | | | |
| 6. Јасно ги опишува игрите во кои учествувал во градинката | | | | |
| 7. Соработува со другарчињата | | | | |
| 8. Сака самостојно да ги извршува зададените задачи и активности | | | | |
| 9. Има 2-3 другарчиња со кои постојано игра | | | | |
| 10. Успешно се вклучува во тимска работа | | | | |
| 11. Ги сака креативните игри (погодување, фантазирање, визуелно комбинирање, драматизација, куклен театар) | | | | |
| 12. Културно разговара и јасно се изразува | | | | |
| 13. Сака да му се читаат приказни, сликовници | | | | |
| 14. Сака да рецитира, да раскажува, да пее | | | | |
| 15. Учествува во комуникација со учителката | | | | |
| 16. Ги прераскажува дома настаните што се случиле во градинка | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 17. Ги прераскажува приказните и текстовите што ги научил во градинка | | | | |
| 18. Ги презентира, демонстрира и објаснува дома научените работи во градинка (рецитирање, пеење песнички, броење.....) | | | | |
| 19. Свесен е за грешките што ги направил и се труди да ги исправи | | | | |
| 20. Ја сака својата учителка | | | | |
| 21. Сака да оди во градинка | | | | |
| 22. Задоволен сум од работата на воспитувачот | | | | |

## II. ДА/НЕ одговори (заокружете):

1. Дали сте присуствувале на одредена насочена активност?
   - Да
   - Не
2. Дали сте запознаени со некои насочени или слободни активности и задачи?
   - Да
   - Не
3. Дали доброволно сте се вклучиле или сте волонтирале во градинката/групата за време на одредена задача?
   - Да
   - Не
4. Дали сте задоволни од интеракцијата меѓу воспитувачот и децата во групата каде што е вашето дете?
   - Да
   - Не
5. Дали би сакале да присуствувате/следите некоја активност во градинката?
   - Да
   - Не

## III. Генерални податоци за родителот/старателот

А. Возраст ______________________ В. Степен на образование ______________________

Б. Пол ______________________ Г. Вработен/невработен ______________________